# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Осмото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 2000 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници продолжуваме со работа по Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ванчо Георгиев, Илинка Митрева, ме известија дека од оправдани причини не можат да присуствуваат, а тоа се однесува и на претседателот на Собранието како и вториот потпретседател Илјаз Халими.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата да утврдиме број на присутни.

Во салата присуствуваат 68 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Вчера завршивме со последниот говорник пратеникот Тито Петковски.

Има повеќе пријавени за реплика. Господинот Кирил Настески процедурално.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, пред неколку дена поточно во вторникот дискутирав по точка на дневен ред за локалните избори. Од дискусиите, а и потоа следните денови од контактите со некои пратеници констатирав дека за дел од мојата реплика спрема колегата Караџоски сум сфатен во сосема друга конотација од она што беше изнесено од мене и во суштина што го кажав.

Колку што можам ќе го пренесам тој дел поавтентично, а се однесуваше на тоа дека Караџоски е болен за да фрла отровни стрели кон СДСМ. Тоа има сосема друга преносна смисла и воопшто не се однесува на некаква физичка односно здравствена состојба. Во таа смисла мислам дека треба да биде сфатена мојата дискусија за што еве на овој начин посебно му се обраќам на колегата Караџоски да го прифати ова мое објаснување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа се однесува на говор еден спрема друг колега Караџоски слушнавте во што е работата.

За реплика се јави господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, почитуван потпретседателе,

Ние како став на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ истакнавме дека на одредени соговорници во овој Парламент нема да одговараме и како пратеничка група ќе се воздржиме, меѓутоа, заради вчерашната беседа на господинот Тито Петковски се договоривме во име на пратеничката група да одговориме на неговите предизвици и на неговите претпоставки што овде ги кажа во ова Собрание така што во име на пратеничката група ќе мора да дадеме одговор на неговата поставена теза, мисли и она што го даде како мерило за однесување на политичките партии во Република Македонија во сите изминати избори почнувајќи од 1990 година, па до денеска.

Искрено се надевавме и верувавме дека голем дел посебно од опозицијата ќе дадат посебен придонес како нашата партија за смирување на страстите во ова Собрание и општо на политичката клима во Република Македонија за сите избори вклучувајќи ги и овие локални избори лично како човек, како пратеник кој со втор мандат учествува во ова

Собрание очекував од овој искусен политичар со големо политичко минато од поранешниот комунистички систем и во повеќе патриотизам да излезе на виделина една добронамерна дискусија која ќе помогне на граѓаните на Република Македонија пред се и на смирување на тие страсти. Меѓутоа, лично доживеав едно фијаско и од она што го очекував навистина не беше доживеано од негова страна.

Сакам да потенцирам дека господинот Тито Петковски овде на оваа говорница изнесе големи невистини и на прв план најмалку зборуваше за локалните избори 2000 година, туку зборуваше повеќе за успесите или неуспесите на оваа Влада. Дали Република Македонија со оваа Влада ќе влезе во Европската Унија, дали ќе влезе во НАТО пактот и дали Македонија ќе го добие аранжманот со Светската банка. Навистина тој треба да се однесува државнички воопшто и како пратеник во ова Собрание, но исто така и како еден ценет член на СДСМ да не се сити на било какви

не прилики што се случуваат во државата и по било кој повод одреден неуспех не на Владата, туку на одредени меѓународни институции да го припишува како неуспех на оваа Влада, бидејќи интересите на Република Македонија се пред се најголеми пред личните интереси на било кој од нас.

Неговото жалење за тоа дека Меѓународниот фонд ни го свртел грбот, дека Европската заедница е далеку зад нас заради недобро спроведените избори, исто така далеку е и НАТО пактот како структура во која треба да се зачлениме иако лично тој со неговата партија антинатовски расположени и во оваа кампања покажаа и докажаа дека навистина тие работи им се туѓи и дека влезот во Европската Унија за нив е сосема споредна работа, бидејќи со Агендата 2000 кога тие беа на власт не успеаа Македонија да влезе во тој дел на европските земји кои треба да се асоцираат со Европската Унија.

Исто така очекував барем голем дел да покаже една самокритика во врска со неговата партија и со нивната водена кампања иако тој лично во мал дел го видов да учествува во таа кампања иако таа кампања во голем дел ја претставуваше господинот Бранко Црвенковски како лидер на СДСМ, но ништо не проговори околу тоа за смирување на страстите во државата заради оваа лошо водена пропаганда на СДСМ. Крајно агресивна и крајно фашизоидни со одредени изјави, со затворање на вратите за било каков разговор, договор со другите политички субјекти во државата. Апсолутно ништо не кажа за тоа какви се тајните планови од одредени соседни земји за сите оние договори што се договарале на одредени места за кои оваа држава Република Македонија има доволно компетентни служби и доволно сознанија каде што и како е договарано и што и беа целите и намерите на тие планови А,Б итн. Меѓутоа, за тоа многу не сакам да зборувам. Сакам да укажам дека овој човек како политички профитер, не мислам на профитер од страна на бизнисот, како политички профитер навистина требаше да укаже на таа грешно водена кампања за да можеме од сите страни како политички партии да се соочиме и да видиме каде ни се заедничките грешки за да можеме во иднина да направиме една кампања која навистина ќе не води напред и навистина граѓаните на Република Македонија ќе се држат до тоа. (Потпретседателот Стојановски го опоменува за должината на репликата.

Исто така дозволете ми, јас го изнесувам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ како одговор на другарот Тито Петковски.

Овде беше исфрлена една предомисла дека двајца клучни политичари во Република Македонија се главните виновници за ваквата состојба во државата. Тоа е премиерот Љубчо Георгиевски и Арбен Џафери. Тоа е опасна предомисла што ја кажа другарот Тито Петковски, бидејќи во тој контекст ние не учествувавме како заедничка коалиција на локалните избори со ДПА, туку учествувавме со Демократската алтернатива. Тука воопшто не беше спомнато од страна на Тито Петковски и господинот Васил Тупурковски од ДА. Тоа значи дека тој успешно ни фрли една теза дека господинот Љубчо Георгиевски и Арбен Џафери се главните виновници за сите овие состојби со тоа ставајќи го Тупурковски на нивна страна, а од друга страна ни направи класична поделба не само на гласачкото тело во државата, туку и на политичките партии. Од една страна се стави СДСМ, се стави ПДП и на некој начин како врзок за одреден игри и манипулации и одредени калкулации за нивниот Б и Ш план како алтернатива не го закачи господинот Васил Тупурковски се со цел да ја остави вратата подотворена за било какви преговори и разговори. Јас мислам дека господинот Тупурковски има доволно искуство и не наседнува на ваквите постапки на господинот Тито Петковски. Апсолутно не наседнува, бидејќи тој знае кој е Тито Петковски затоа што господинот Тупурковски кога ја формира Демократска алтернатива на многу луѓе мустаќите им се тресеа и главите ги тресеа во Република Македонија затоа што излезе како политички субјект на политичката сцена. Со тоа се поврза **и** најопасната теза дека во Република Македонија може да се случи романско сценарио, албанско сценарио, бугарско на крајот и некое српско сценарио. За жал, иако самиот и со неговата политичка сурија учествуваа во оваа политичка кампања на страна со еден сосед за да направат голем смут во државата, меѓутоа, беа со време осуетени **и** поминаа така како што поминаа.

Исто така кога зборуваме за моралниот лик на еден политичар никој не може да се искубе, да се изземе од моралната одговорност кога еден таков политичар учествувал и во поранешниот систем и во тој поранешен систем учествувал во разни игри и во разни политички трансакцииај да не речам и

ловечки трансакции во посебни резервати на Република Македонија каде се случуваа одредени убиства,така што минатото сите ние политичари што го правиме не амнестира во сегашноста. Сето она што е минато останува како траен белег, а особено како политички партии сето она што го правиме од 199 0 година до денес тоа е длабоко забележано и во архивите на ова Собрание и филмувано и стенографирано. Секоја наша постапка добро се мери каде ја водиме државата и никој не може да биде амнестиран ниту Тито Петковски како морален чин за одредени работи и одредени состојби. Не може Тито Петковски да се искубе и да каже дека не ги фрлаше бугарските летоци. Не може да каже дека тој не ги поставуваше сите судии во Република Македонија додека беа два мандати на власт. Без негов благослов, без негов амин да не му ги кажам по име и презиме во Битола сите личности инволвирани околу поставувањето на судиите.

Кога станува збор за локалните избори и за сите други избори и сите тие трансакции да го прашам господинот Тито Петковски да си ги земе податоците од поранешната Државна комисија и да види во село Трн битолско кое има 100 гласачи, а таму во официјалниот список мислам избирачки список фигурираат 3000 гласачи. Да се запраша зошто цела општина од село Ивањевци и околината не му излегоа на гласање, и тоа не бил морален чин? И тоа биле демократски избори во Република Македонија за него?

Да го прашам другарот Тито селото Снегово во близина на Битола е иселено уште од 1950 година, тоа беа Македонци муслимани кои се иселија во Турција, нема ниту еден жител, стојат само темелите, таму имаше забележано 3000 гласачи. Каде отидоа тие фантомски 3000 гласачи од село Снегово, село Трн и на други места**,** да не правам подлабока анализа. Тоа. ли се демократски избори? Дали тоа може да го амнестира господинот Тито Петковски и пред време, пред да завршат претседателските избори излезе на прес конференција и го прогласи поранешниот Тројански коњ за победник на претседателските избори во Република Македонија. Така ли ќе правиме држава? Со ваква хипокризија? Со ваков двоен аршин? Со ваков двоен морал? Дајте да бидеме искрени, јас барав да ги смириме страстите, но вие повторно чепкате, барате нешто за да има конфликт во државата. Сега постојано ги судирате ПДП, ДПА, ВМРО-ДПМНЕ со СДСМ. Вие постојано барате во оваа куќа Република Македонија да има немир. Тоа не ни треба. (Пак е опоменат од потпретседателот). Тоа не ни треба, дајте ако сте доволно мудри, доволно политички зрели,способни да седнеме на маса и да разговараме за сите прашања што не се од интерес на оваа држава за влез во Европската Унија, за влез во НАТО, за добивање на било какви аранжмани, кредити се да изнесеме реално и искрено и сите умни луѓе од ваша страна, сите мозоци да ги вклучиме во сите овие кампањи што ги водиме како Република Македонија за успех на државата. (Пак опомена). Инаку нема крај ваквиот говор и ваквата дискусија. (Реакција и од пратениците).

Завршувам, почитувани пратеници. Ова е ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Ние како пратеничка група добро знаеме и како Влада и како коалициона Влада каде ја водиме државата. Ако вам ви се поматени мислите и ако вашата концепција беше сосема поинаква од 1990 година овде плачевте за химната на Југославија, плачевте за пропаѓањето на Југославија, ако плачевте за ЈНА и зборувавте дека само еден тенк ќе имаме во Македонија, ако плачевте за тоа дека не можеме да имаме своја валута, своја парична единица, но сето, за жал, се случи во поглед на историчарите ќе ги проверат сите анали во ова Собрание, ќе ги проверат сите стенограми и ќе видат кој за што се борел во оваа Република Македонија.

На крајот сакам една добронамерна порака закопајте ги ратните секири, дајте да разговараме со разум, постои расположение од наша страна да седнеме да ги извадиме сите негативни страни во сите кампањи да направиме анализи каде сме погрешиле и тоа заеднички, не мора вината да ја носи еден, да видиме каде сме погрешиле и да можеме во иднина да правиме релаксирани избори, крајно слободарски и луѓето да се чувствуваат како избирачи, а не како тероризирани луѓе. Тоа е нашата добра намена и тоа го порачуваме и секогаш ќе стоиме зад тој став. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Котевски направивте пречекорување, но бидејќи зборувате од страна на пратеничката група друг нема да се јавува. Инаку можат да се повторат сите, па да изгубиме повеќе време.

За збор се јави господинот Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИУ:**

Ви благодарам господине потпретседател, јас сакав една кратка

реплика, јас напишав овде господин Петковски, но ќе го преведам со другарот Петковски кој меѓу другото рече дека на Џафери не му се допаѓа ниту Слободан Милошевиќ ниту Војислав Коштуница.

Јас знам дека другарот Тито Петковски многу го сакаше Слободан Милошевиќ, но да го потсетам дека и сопствениот народ, мислам на српскиот народ не го сака повеќе, па да не лее солзи за Слободан Милошевиќ, а дали го сака или не Војислав Коштуница, не мора никој да го сака, нека го сака сопствениот народ.

Меѓу другото рече дека позицијата беше погодена во првиот круг на гласање. Не е точно, но ако би било така гласачите се најдоа во позиција .кого да го гласаат, да ја гласаат опозицијата која во свое време ги убиваше граѓаните на Бит Пазар, Радолишта, Мала Речица, Гостивар, Тетово, Кичево и позицијата која можеби нема најидеален начин, но чекор по чекор, но сигурно, почна да ги решава постојните проблеми како на економски така и на политички план. Така во вториот круг логично се определи за позицијата.

Што се однесува до виновниците за локалните избори, што го спомна Џафери и господинот Георгиевски, да го потсетам другарот Тито само ДПА, ВМРО и ДА преземаа мерки да не дојде до такви немили настани во текот на изборите. Но, ова повеќе зависеше од опозицијата, бидејќи логично е така, бидејќи опозицијата сметаше дека нема што да изгуби.

Точно е дека Џафери работи, во политичка смисла за Косово, но апсолутно не на штета на Македонија и на сите граѓани на Република Македонија.

Го прашувам другарот Петковски, зарем уште ќе продолжите да и фрлате песок во очи на сите граѓани на РМ, заплашувајќи ги од ДПА, со зборовите дека е радикална партија, дека ќе почне војна ако дојде на власт и што не друго.

И на крај за другарот Петковски, ако барате Џафери, Георгиевски и Тупурковски, значи оваа Влада, да испрати сили во Косово, како што впрочем своевремено вие пративте и во Гостивар, кога бевте како претседател на Собранието брзајќи да го потпишете таканаречениот закон за употреба на знамињата, не верувам дека тие ќе го сторат тоа преку ноќ, бидејќи преку ноќ знаете само вие да потпишувате и да наредувате да се убиваат луѓе, не пошироко надвор од Македонија, туку токму во Република Македонија. Имавме случај тоа да се направи во Гостивар во 1997 година.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас со жал можам да констатирам дека излагањето на господинот Котевски, во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ претставува еден типичен пример на едно исчезнато воспитување. Зошто? Затоа што господинот Тито Петковски не е тука и мислам дека е крајно некоректно, неколегијално, во негово отсуство да се настапи во име на пратеничка група и да се направи еден атак со најразлични шпекулации, мислам дека е недостојно за ова Собрание.

Второ, морам да констатирам со жалење и да го потсетам господинот Котевски дека токму со таа грешна политика и кампања што СДСМ ја водеше за време на локалните избори, неговиот роден град беше тотално поразен и доживеа невиден дебакл, во кои што има големи заслуги. Јас се чудам како ВМРО-ДПМНЕ му овозможува на еден таков господин да биде гласноговорник на нивната политика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Реплицирам на коментарот на колегата Котевски кој во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ реагираше на излагањето на господинот Петковски.

Јас се согласувам дека има тези во говорот на господинот Тито Петковски кои може да бидат оспорени и за кои треба да се расправа. Меѓутоа, сега не е моментот за тоа. Јас само сакам да спомнам на оној дел, зошто не е спомнат господинот Тупурковски во врска со изборните настани, така да речам. Мислам дека не е коректно сега тоа да се прави, од проста причина што, не само лидерот на ДА туку и целата ДА на овие избори се однесуваше така како што се однесуваше, сите ние добро знаеме, но и македонската јавност. Според тоа нема потреба да бидеме инволвирани било преку лидерот, било како партија дека сме учествувале во некакви некоректни односи на изборите. Тоа впрочем го кажаа и моите колеги кога дискутираа околу нивното односно околу нашето учество на овие избори.

Затоа мислам дека не држи да се споменува нашето учество или неучество бидејќи начинот на учествување во

изборниот процес не ги дели партиите на позиција и опозиција, туку ги дели на тоа дали учествуваат коректно или некоректно на изборите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Горѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, само да појаснам. Демократска алтернатива учествуваше заеднички на локалните избори 2000. Во Битола ние изгубивме. Но, господине Јованов, имаше ли нешто што фалеше во тие избори, од наша страна, не зборувам за опозицијата. Ние учествувавме како коалициони партнери. Тоа беше мојата главна теза. Другата претпоставка беше на другарот Тито Петковски, зошто Тупурковски не го спомена во тој контекст како заеднички коалициони партнери за локалните избори 2000 година.

Исто така за господинот Љубомир Поповски, почитуваниот Љубомир Поповски, кој потекнува од мојот крај, сакам да му укажам дека и вчера не беше овде присутен ниту Арбен Џафери, ниту Љупчо Георгиевски, ниту Васил Тупурковски, па Тито Петковски искажа работи кои не му доликуваат на еден таков искусен политичар, доколку мисли дека е искусен политичар. Не беа присутни луѓето. Но, јас имам право да зборувам по говорот на Тито Петковски, бидејќи сум овластен од пратеничката група.

Исто така право и должност е на овој пратеник кој беше биран за претседател на државата да биде денес овде, бидејќи вчера фрли ракавица овде во Собранието на РМ. Неговото место е овде не е надвор. Како сум јас секој ден овде на седница и професионално си ја обавувам работата. Нема ништо страшно околу тоа Љупчо Поповски. Кога ќе дојде ќе се јави и тогаш ќе полемизираме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ве молам бидете малку посконцентрирани затоа што ова е деветти ден а преку 300 илјади марки потрошивме за наши расправии овде.

За реплика се јавува пратеникот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Навистина и јас се согласувам со тоа, бидејќи сите брзаме да ја завршиме седницата, но еве господинот Котевски веќе половина час зборуваше иако има две минути право на реплика. Јас ќе се држам кон тоа.

Во врска со втората работа, тој го употреби изразот другарот. Другарот се употребува како израз во социјалдемократијата и денес сите тоа го употребуваат и во Франција и во Велика Британија итн. Па да не мисли дека и тој е социјалдемократ па го употребува името другарот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува пратеникот Назми Кадриу.

**НАЗМИ КАДРИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Очигледно дека оваа тема разбуди големо интересирање во јавноста а исто така и меѓу колегите пратеници, па еве можеме да речеме дека е една од најдолгите сеанси или најдолгите седници што траат во овој Парламент. Ние како пратеничка група што бевме против информациите да влезат на дневен ред очигледно и денес се придржуваме кон тоа, бидејќи не можеме да привршиме со оваа седница, за што својата цел ја постигна опозицијата, што подолго да трае оваа седница.

Најпрвин изразувам длабоко сочувство на фамилијата на загинатиот а исто така и на повредените им пожелувам што побргу да оздрават.

Очигледно е дека овие избори беа подемократски или можеме да речеме ги исполнија условите на демократичност, во споредба со изборите кои беа одржани во 1990,1994, 1996 и 1998 година.

Кога велам дека се подемократски сигурно имам предвид зошто овие избори ги контестираат левиот блок на политичката сцена во Македонија, било албанскиот,било македонскиот. Тие господа беа 50 години на власт и знаеме дека во нивно време само со записници можеше да се избере претседател на држава, без да се исполнат 51% од гласачкото тело. Можеше да се избира пратеник без да се исполнат 51% од гласачкото тело, а исто така што беше подрастично на локалните избори, на многу места во првиот круг и без да се освојат 51% 51% од гласачите беа прогласени за победници, градоначалници на коалицијата.

Исто така, кога го велам тоа подемократски ги имам предвид и органите кои ги спроведуваат изборите. Органите кои ги спроведуваат изборите се фифти фифти поделени опозиција-позиција, почнувајќи од ДИК па преку општинските изборни комисии па до избирачките одбори. Како е можно да се манипулира господа со гласовите. Дали е можно господа кога и вие имате 50% во тие

избирачки одбори, да се прават манипулации. Дали е можно господа да се наполнат кутиите кога ваши претставници се во тие избирачки одбори, во таа ДИК и во тие општински изборни :комисии.

Кога велите дека сега се прават манипулации, дали можеме да претпоставиме господа во ваше време кога само позицијата беше во ДИК, во Општинска изборна комисија, што се правеше во тоа време. Исто така за информацијата на ПДП, за локалните избори во Западниот дел на Републиката мислам е еден од најцрните документи за Албанците во Македонија.

Најцрна, ако се земат предвид само надворешните албански структури што пишувале за Албанците а од страна на Албанците овој документ ќе остане како нивни црн документ што требаше од нивна страна и да се повлече. Овој документ ме потсетува на нацртаните на Милан Гарашанин, на познатиот политичар или дипломат Пашиќ кога ги претставуваше Албанците и со опаши, дека се диви луѓе и дека тие не можат да одржат власт и дека не можат да имаат своја држава и не можат да ја спроведуваат политиката.

Исто така и овие господа се согласуваат со тоа и сега велат дека Албанците не можат да спроведат избори и Албанците не знаат да гласаа Ако тоа се продолжи доаѓаме до познатите Антиалбански проекти на Васа Чубриловиќ и Иво Андриќ, па доаѓаме до познатите централни комитети или доцните седници кои траеја долго и на кои седници тогаш само се оцрнеа Албанците и се истераа од структурите само што ќе рече некој дека се исти познати националисти и иредентисти или сепаратисти. На ист начин се делува и со оваа информација. Оваа информација не може да биде пишувана од албански субјект, оваа информација може да биде само пишувана од надворешни структури или структури кои имаат влијание во оваа партија. Кога го велам ова ќе го поткрепам и со конкретни докази.

Од изборната единица од која доаѓам јас тоа е фамозната 66 во која се гласаше 6 пати и во која во тоа време овие структури со сите сили инсистираа да добие независниот кандидат, почнувајќи од избирачи одбори па до претседателот на Апелациониот суд, во тоа време Ленче Софрониевска. За да бидеме оцрнети, за да пишуваме што поцрно за изборите во Информацијата пишува дека во Драчево во утринските часови во 7,30 часот влегла група од претставници на ПДП-НДП Реџеп Имери и Кенан Имери. Господа, дали знаете каде се наоѓа Драчево? Јас мислам дека сите знаете каде се наоѓа Драчево. Драчево има 10.000 гласови. Во Драчево не може да се манипулира со гласовите на една мала група Албанци. Ова воопшто не држи, воопшто не е вистинито.

Исто така, во оваа информација пишува дека во Црн Врв има рекетари и наркомани. Па господа, а посебно ве прашувам вас од ПДП дали знаете каде се наоѓа Црн Врв. Дали е возможно таму да има рекетари и наркомани. Тие луѓе таму едвај излегуваат на крај со своите макотрпни и секојдневни потреби, а таму ќе имало наркомани и рекетари. Алал ви вера.

Исто така само за да се пишува и да се кажува нешто, а со тоа што се кажува, фактички ништо не се кажува во Информацијата за општина Студеничани. Да се оцрни Ќерим Лита, во истиот дека, во 10,00 часот, тој фамозниот Ќерим Лита може да биде во Црн Врв. А исто така, бидејќи надворешните структури им дале наредба да се пишува така, тој истиот Керим Лита може да биде и во Вртекица. Вие господа од ПДП дали знаете каде е Црни Врв и дали знаете каде е Вртекица. Во исто време да се дојде од Црни Врв во Вртекица, тоа можат само тие луѓе што пишуваат од кабинети и што даваат наредби од кабинети за да се пишува што може најлошо за да се пишува што може најцрно и да остане еден документ за да се каже дека Албанците не знаат да гласаат. Албанците не знаат да гласаат само зошто не гласале за ПДП, а да гласаа за ПДП, сигурно би знаеле да гласат. Албанците знаеја да гласаат и господа на 10.09. беа 150.000 гласа за ДПА 40.000 гласа за ПДП.

**НАЗМИ КАДРИУ**:(Продолжение)

Само да се прикажува најцрно, значи да се иде во тоа да се наполнат кутиите и во Моране, Горно Количани, Долно Количани, Сопиште и Зелениково. Очигледно е дека оваа информација е напишана од наредбодавци, дадена им е наредба од некој кабинет. Нивни познати леви кабинети или нивни познати црни кабинети. Зошто го велам ова? И ова со докази господа.

Во Морани имаше гласови и за ДПА, а и за ПДП. 600 гласови за ДПА, 200 гласови за ПДП, а исто така во Морани имаше гласови и за СДСМ, имаше гласови и за ВМРО-ДПМНЕ. Значи, апсолутно не држи таа констатација.

Исто така, доаѓаме во Долно Количани, Дали е можно господа да се направат на исти начин манипулации? Дали е можно господа само да се рече дека

влегла група рекетари, наркомани и ги исполнила кутиите? Па, можно е господа, кога би дале таква наредба и вие сте ја спроведувале таа наредба. Во Долно Количани господа над 200 гласа има СДСМ, исто така има и ДПА гласови. Господа треба да знаете дека таму има гласови и ПДП. Па, наредбодавците изгледа не ја гледале својата реалност и наредбодавците со извршителите не контролирале тоа што пишува, па нека пишува што и да е, да се стигне.

Општина Сопиште, вие дали воопшто сте контролирале и дали некогаш воопшто кога пишувате против Албанците гледате што пишувате. Па, господа во Сопиште ДПА немаше своја листа на кандидати за советници. Господа во Сопиште ДПА немаше свој кандидат за градоначалник. Како е можно господа таму да се манипулира. Да, можно е, според ПДП сее можно,и во Сопиште да се манипулира. Па вие господа кога пишувате, на исти начин и во општина Зелениково се манипулирало. Дали ги знаете тие краишта? Дали некогаш за тие 8 години додека сте биле на власт сте отишле некогаш да ги видите тие села? (Дејковец, Писовица, Добрино, Црни Врв, Малчиште) дали некогаш сте биле таму. Убеден сум дека никогаш не» сте биле. Вие да сте биле таму и ќе знаете зошто гласате зошто пишувате и ќе знаете на наредбодавците да им речете пардон, тука не може да биде вака, бидејќи во Добрино воопшто не се гласаше. Како е можно да се полнат тие фамозни кутии? Како е можно апсолутно таму да се гласа? Можно е зашто наредбодавците таква наредба дале и тоа треба да се пишува што најцрно што најлошо за локалните избори 2000 бидејќи ДПА доби 150 илјади гласови, единствена можност ни останува со овие црни листови да пишуваме најцрно за тие гласачи и на тие гласачи да им дадеме таква наредба за да се изменат и во иднина тие да знаат да гласаат. Нека гласаат за ПДП и тогаш нема да има проблеми Тогаш ќе биде се идеално. Затоа на крај доаѓаме со констатацијата дека манипулациите, кражбите, рекетарите не ги стори ДПА. Манипулациите,кражбите, рекетарите ги најде во вашата средина ДПА и ДПА ќе инсистира со сите сили за да ги отстрани овие неправилности. Знаеме дека за вас е горко, но тоа е реалност.

Кога доаѓаме до таа фамозна дискусија на Сејфедин Харуни, дотичниот господин прашува под чие влијание е политиката на ДПА, дали под грчка, српска или бугарска. Господине Сејфедин Харуни политиката на ДПА е под влијание на 150 илјадите гласачи што гласаа за ДПА на 10.09.2000 година. Јас вас би ве прашал господине Сејфедин Харуни под чие влијание се твоите часови на ораторија или на говори што ги држиш во овој Парламент? Под чие влијание си? Дали е можно на својот народ, на своите гласачи да им речеш платени политички структури. Платени познати вооружени банди. Криминогени структури, детињести, клептомани, пиромани, пожарникари, зголемен криминал. Дали е можно еден Албанец да ги употребува толку црните зборови против своите гласачи. Не верувам дека е можно, но инаку му дал некој наредба тогаш е можно. Можно е да одржи и два саат говор и да пишува што е најможно црно за тие случувања. Можно е. Зошто? На денот на изборите во "Сител" се спомнува Керим Лита. Дека Керим Лита пукал во Долно Количани. Керим Лита би во Црни Врв. Тоа што го изјавува "Сител" тоа го кажа и господинот Сејфедин Харуни од оваа говорница. Господа од оваа говорница треба да се има и одговорност за тоа што се кажува. Керим Лита критичниот ден бил во штабот на ДПА во Батинци и од Батинци не мрднал понатаму. Во тоа изборно место се гласало на најдемократски начин. Ако има сведоци дека некаде друго се видело, повелете тоа кажете го, а не само наредбодавците таква наредба дале.

Исто така од господинот вчера на крај, можеби што ми го зема зборот, па добро тој порано бил и претседател на Парламентот, па и господинот потпретседател може да му даде на него предност, па тој ми го зеде зборот, па после Фадил Бајрами и ни одржа лекции до 18 часот, вака вели.

За неправилностите на локалните избори главни виновници се Арбен Џафери и Љубчо Георгиевски. Знаеме дека господинот Тито Петковски може да одреди одговорност затоа што во тој правец има искуство. Сигурен сум дека како прва мерка он би преземал Арбен Џафери да му се земе мандатот или имунитетот од овој Парламент, а како втора мерка сигурно од поранешното искуство што го има ќе преземеше да ги дотера Албанците, или пак да ги натера Албанците да гласаат за ПДП, а тоа го постигнува со законот за знамето кој се донесе во 24 часот, а во 2,30 часот се спроведе во Гостивар. Истото, сигурен сум дека ќе го направи и према албанскиот електорат кој не гласал за ПДП да се дотера, значи да гласаат за нив.

Мислам дека од оваа говорница треба да се има одговорност за тоа што се

кажува и со факти треба да се излезе на оваа говорница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Има збор господинот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, во изминатите 10 години во првиот состав како пратеник, во вториот состав што како министер, еве сега повторно како пратеник излегов на оваа говорница стотина пати и колку што се сеќавам ова е првпат да се напијам вода на говорницата. Тоа е битно само заради тоа што ме потсети на пиењето на вода на една од минатите сесии на колегата Горѓи Котевски и на неговите посебни реплики заради тоа што во текот на неговата тогаш на расправа успеа само да докаже дека водата во чашата што ја пиеше е вода, дури заборави да докаже тоа што сите го знаеме дека водата е мокра. Јас сакав да реплицирам, жалам што не е тука, после неговата последна реплика. Пиејќи сега вода се потсетив дека од сето она што го кажа за тоа како СДСМ со своите коалициони партнери додека беше на власт ја водеше оваа држава и од сето она што го кажа за тоа кои се програмските определби на СДСМ за интегрирањето на Република Македонија во Евроатланските структури е точно само тоа дека водата е вода, а не дури дека водата е и мокра.

Во текот на досегашната расправа повеќе наши колеги, како што колегата Горѓи Котевски се обиде да докаже дека има врвни познавања од областа на физиката, се обидоа да докажат дека извонредно добро ја познаваат психологијата, психијатријата, па дури и биологијата заради тоа што сите се сеќаваме дека често пати во дискусиите овде се употребуваа психијатриски термини, се употребуваа имиња на животни од животинскиот свет и на почетокот од мојата дискусија се надевам така мислите мнозинството, ако не и сите. Се оградувам од ниското ниво од дискусиите на некои од нашите колеги и се залагам за тоа навистина сите да се бориме да се држи дигнитетот на ова Собрание.

Не заради тоа што во текот на расправата се споменуваа и некои басни и народни приказни, или некои од колегите се обидуваа да не потсетат на нивните основни пораки, како што е на пример онаа извртената за бела крава црно млеко дава, или она за нојот со главата во песокот, или пак онаа за овчарчето кое што викајќи помош помош сакало да ги намагарчи соселаните да дојдат да го спасат неговото стадо од волци тогаш кога не било нападнато, а кога го нападнале волци помош од никаде затоа што селаните не притрчале мислејќи дека повторно сакало да ги намагарчи. Или пак онаа анегдота или сказна што се спомена во текот на оваа долга расправа за јагнето што пиејќи вода низводно наводно му ја матело водата на волкот кој што пиел вода на самиот извор.

Овие пораки имаат позитивна функција во нашата расправа. Ако се има во предвид дека во поголем дел од дискусиите од петни жили се трудиме да побегнеме до тоа да и погледаме на вистината во очи и да проговориме реално за она што ни се случи и за она што може да ни се случи ако продолжиме и понатаму да ја држиме главата во песок. Уште повеќе ако не се зауздат зборовите што се употребуваат од оваа говорница, ако малку од малку не проработи совеста, чувството за нашата заедничка одговорност. Секој може пред медиумите или од оваа е говорница да каже се само не вистината за која што знаеме дека може да се јави во различните краишта, меѓутоа сепак на крајот на краиштата е една и единствена. Така на пример од оваа говорница, како што во неколку дискусии беше кажано може да се каже дека СДСМ, замислете заради неговата стратешка определба да го попречи интегрирањето на Република Македонија во Евроатланските структури. Е, заради таквата определба, стратешка на СДСМ на политичкиот субјект кој што со своите коалициони партнери уште во 1992 година испрати амбасадор во Брисел за да воспостави дипломатски односи со тогашната Европска заедница, а тоа е првото ниво на односи со заедницата. Тој СДСМ кој што успеа на крајот на 1995 година под околностите под кои што на сите нас ни се познати да воспостави дипломатски односи со тогашната европска заедница, а тоа е второто ниво на сноси со Европската унија, која што во наредната година успеа да ја подготви, да ја потпише и ратификува спогодбата за економска и трговска соработка со Европската заедница и која што веднаш по нејзиното стапување во сила во јануари 1998 година ја подготви стратегијата за подигање на нивото на односите со Европската унија, а тоа значи стратегија за стекнување со вистински статус на асоцијативна членка. СДСМ и неговите коалициони партнери кои што таа стратегија ја усвоија во овој Парламент, кои што ги формира комитетите за евроатлански структури на Република Македонија, за кои

вчера претставник од денешната позиција кажа дека се уште функционираат во истиот состав. Е, таквиот СДСМ да бил антинатовски, антиевроспки ориентиран и заради тоа го повикувал народот на митинзи, како што беше кажано и заради болната амбиција што побрзо да се врати на власт и на тие митинзи создавал еуфорична атмосфера, создавал услови за парламентарна криза, за предвремени избори, го бунтувал народот кој што инаку толку многу е задоволен од сето она што за него во изминатите две години го направи актуелната власт.

Значи, ако може се да се каже од оваа говорница без било каква одговорност, тогаш произлегува дека ние всушност во Република Македонија немаме некои посериозни проблеми со составите во државата како резултат на тоталитарното и недемократско владеење на актуелната Влада, туку проблемите произлегуваат од тоа што некои политички субјекти, а пред се опозиционите на чело со СДСМ имаат некакви болни амбиции. Значи, ако тие се осудат, ако лидерите на тие политички субјекти се отстранат од политичката сцена сите маки на овој народ ќе исчезнат како да се однесени со волшебно стапче.

Ваквите тези, како што видовме во досегашните дискусии се глобализираат независно од етничката припадност на политичките субјекти кои што сега и припаѓаат на опозицијата. Значи, скоро се што беше кажано за СДСМ или за коалицијата за Македонија заедно важи и за Партијата за демократски просперитет и нејзините лидери се болни да се вратат на власт, како што беше кажано, и тие го бранувaат народот без потреба, и тие го заплашуваат, репресираат. И замислете и тие пукаат на своите активисти и симпатизери само затоа што биле свесни уште пред да се организираат изборите дека изборите за нив ќе бидат загубени и дека само на таков начин ќе може да имаат алиби ситуација.

Исфрливте од говорницата на сличен начин искривоколчени тези. И еве ви го решението за сите проблеми многу сериозни кои што настанаа како резултат на невидената хајка и обидите за линч на пратениците од новоформираната партија ВМРО, на државниот терор кој што стана знак на последните два циклуса на избори во Република Македонија.

Почитувани колеги од ваквите или онакви нема политички потреби може да се изместуваат тезите во недоглед, може да се заобиколува вистината или да се кажува онаа вистина која што моментално ни одговара, меѓутоа кога зборуваме за последните два циклуса на избори во Република Македонија организирани од актуелната власт, една нажалост многу непријатна вистина. Ниту може да се заобиколи, ниту може да се забуши, а тоа е дека после 10 години самостојност и независност во Република Македонија нажалост имавме крвави избори. Овие два циклуса на избори, во кои илјадници граѓани беа душевно повредени, во кои беа понижени само затоа што си го задржаа правото и поинаку да мислат и поинаку да одлучуваат и поинаку да гласаат или да бираат. Овие два циклуса на избори во кои многу наши граѓани беа изложени на притисоци, на закани од секаков вид, на кои дури се пукаше и од огнено оружје и во кои нажалост се пролеа и крв ќе останат запаметени како крвави избори. Зад себе оставија пустош и огорченост кај постарите, длабоки лузни во сеќавањата на младите генерации, трајни последици по здравјето на оние што беа повредени и ненадоместливи штети на оние што ги изгубија најблиските. Последиците како што се: крајно нарушениот углед на Република Македонија на меѓународен план, тешкиот удар врз процесите на демократизација во неа, јасната манифестација дека Македонија останува единствена не во Европа ,до пред некој месец,туку сега единствена и на Балканот во која не функционираат институциите на системот, или во која, некој од нив беа дури и соучесници во овие трагични настани, не се ни помалку тешки,ни помалку опасни.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Посебно заради тоа што се работи за институции кои што се задолжени да го гарантираат мирот и безбедноста на сите граѓани, да им го гарантираат правото на сопственост, или правото на слободни, фер и демократски избори како што е Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Државната изборна комисија. До нивната блокада, односно изместувањето на нивните уставни и законски функции не дојде преку ноќ, или во предвечерјето на претседателските, или сега на локалните избори. Онеспособувањето на институциите во системот ефикасно да си ги вршат уставните и законски функции почна систематски да се операционализира веднаш по преземањето на власта од страна на коалицијата за промени и ДПА во декември 1998 година. Посебни штети на тој план со

далекосежни последици покрај другите претрпе МВР, Министерството за правда, судовите и Државната изборна комисија. Кога не функционираат институциите на една држава, основните столбови на кои што се потпира секоја демократска и правна држава едноставно не функционира државата. Во таква држава ништо не може да оди како што треба, ништо не може да функционира како што треба, ниту пак може да се очекуваат некакви, а камоли позитивни резултати. И сега се чудиме од каде дојде тоа што ни се случи еве и за време на локалните избори. Не ги барам одговорите на прашањата што се отворија како вулкански грла, или свесно ги бараме токму таму каде што воопшто ги нема. Но, колку и да ја туркаме главата под песок, да ги изместуваме тезите, да ја заобиколуваме вистината, да бараме некои други виновници како што еве, се случи за време и на репликата на колегата Ѓорѓи Котевски. Нам се некој друг ни е крив, нам се некој друг ни прави планови А, Б, Ц и Д, се некој друг ни се меша во работата, ние за ништо не сме криви, ние сме ангели. Не зборувам за ние и вие, зборувам за внатре во Македонија и Албанци и Македонци и Турци и сите ние. Но нас се некој друг ни е крив, ние за ништо не сме криви и постојано си ја ишкаме мувата од главата, или мувата од капата. Токму тие демек сакале да и нанесат штета на државата иако реалноста е сосема поинаква и за жал ќе повторам, многу грда. Сликите за мачните седници на ДИК однапред исценирани да бидат и конфузни и јалови, да се опструира целокупната нејзина уставна и законска функција и да не се исполнат уставните и законските обврски за организирање на фер и демократски избори. Сликите на притисоците врз судиите, сликите за кршењата на избирачките кутии, за кражбата и фалсификувањето на избирачките документи, за нападите и отстранувањата на домашните и странските набљудувачи помеѓу кои и неколку еминентни амбасадори привремено или постојано присутни во нашата земја, сликите за пукотниците околу и на самите избирачки места видени само во филмовите за пресметките на улиците на Чикаго во 30-тата година, прикажани пред домашната и меѓународната јавност и видени на малите екрани нема да исчезнат од очите на генерации и генерации со децении. Понижувањето на младите кои беа изложени на притисок "да им ги пренесат поздравите на родителите за кого треба да гласаат", притисокот врз младите кои беа заплашувани дека нема да бидат вработени, или на вработените дека ќе бидат отпуштени од работа, притисокот врз социјалците дека ќе им биде укината социјалната помош ако не гласаат за тие за кои што им било кажано да гласаат, или на раката како во најзаостанатите земји ако не донесат доказ со серискиот број од ливчето, дека навистина гласале за тој за кој што им било наредено да гласаат, или изнудувањето на гласови со давање на брашно, шеќер, масло за јадење, или со дозволите за неограничено сечење на дрвна маса итн, ќе остават исто така трајни последици на сите оние кои што ги преживеа ваквите притисоци и закани. Можеби тие што ја подготвија стратегијата на ваков начин да си обезбедат поголема поддршка од онаа што реално ја уживаа на локалните избори, сега по вториот, третиот, четвртиот или не знам после кој круг, после 60-тина дена од првиот круг на избори, мислат дека еве, тоа е формулата за доаѓање, или за останување на власт. Но, таа стратегија, или формула, почитувани колеги, само навидум може да изгледа на кратки патеки и не само што е целосно погрешна и директно ја поткопува правната држава и ги разнебитува демократските процеси, туку остави такви последици кои тешко се санираат и кои можат да оставаат трајни лузни. Со неа може да се обезбеди како што се виде по многу висока цена само еден привид дека нејзините стратези уживаат поддршка и дека таа соодветствува на бројот на граѓаните кои што гласаа за нив. И тоа навистина е само привид, затоа што реалната поддршка што ја ужива коалицијата за промени спрема показателите што доаѓаат од теренот не надминува 30 до 50% од бројот на гласовите што ги добија со примената на ваквите средства на присила пред и за време на првиот и вториот круг од изборите. Но, почитувани колеги, цената што за еден ваков привид ја плативме како држава е уште повисока. Тоа што меѓународната заедница споро реагираше на сето она што се случуваше на овие избори, или што веднаш не реагираше на најадекватен начин, онака како што треба да реагира, исто така е само привид и е резултат не на тоа што не ги виде, или што е спремна да ги премолчи, или уште повеќе подобри ваквите негативни појави, туку на нејзините моментални потреби. Еве, како илустрација можеме да ја

споменеме Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија. Таа Спогодба или договор, како што знаете, за прв пат за еден таков документ содржи неколку клаузули кои што се многу негативни за Република Македонија. Меѓутоа, како што беше изјавено вчера, ако дадеме согласност на тие клаузули од наша страна, може да се очекува дека на Самитот во Загреб, или нешто подоцна можеби ќе бидејќи потпишана. Но, сите сме свесни дека таа нема да биде потпишана, или тоа нема да се случи, затоа што сме лидери како што често се изјавува на Југоисточна Европа. Ние тоа одамна престанавме да бидеме. Таа ќе Се потпише затоа што е проект на Меѓународната заедница која не сака таму заради некоја си недемократска Македонија во која што после 10 години се јавуваат ретроградни процеси, не сака да и пропаѓаат меѓународните проекти како што е проектот Пакт за стабилност и асоцијација. Сепак, треба да бидеме свесни дека сметките за ваквото изнудено потпишување нема да се отпишат и ќе почнат да пристигнуваат за наплата еден по еден. За жал, како што знаете некои од нив веќе се пристигнати како онаа шлаканица од ММФ дека се одлага потпишувањето на аранжманот ФЕСАЛ, или она за одлагањето на политичкиот дијалог со ЕУ кој што денеска требаше да се одржи во РМ. Тогаш кога ќе почнат да доаѓаат една по една тие сметки, ќе се види колку ни чини сегашната со вакви средства на присила изнудена привидна поддршка на актуелната власт и на сите ќе ни стане јасно дека вака повеќе на избори не може да одиме. Држава со осакатени институции не е држава, држава со институции во служба на власт, а не на народот, може да биде добра само за власта, а не и за народот. И нема власт што се потпирала на партизираните институции, а не на народот што опстанала. Тоа што некои претставници на ваквите партизирани институции им го прават денес надвор од уставните и законските процедури и норми на другите. Тоа значи и на тие што не припаѓаат на актуелната власт, дали се тоа селани, граѓани, вработени, невработени, социјалци, припадници на политички партии, на невладини организации, пратеници, како што тоа беше случај кога се формираше новата политичка партија. Власта само може да се залажува дека и одговара. Атмосферата на несигурност, неспокој и страв, атмосферата на без перспективност и без излез полека прераснува во агонија на сите граѓани на РМ. Сиромаштијата дури и онаа која што се опишува со познатите зборови: да доживееш да имаш, па да видиш колку е тешко после тоа кога ќе немаш. Многу полесно се поднесува од сето она што најмногу му тежи на секој граѓанин на РМ во овој период, а тоа што најмногу му тежи е несигурноста, нарушената безбедност, без перспективноста. Настаните што ги обележаа последните избори изгледа беа пак капак на ваквото незадоволство. Оттука е јасно дека нема да постигнеме ама баш ништо со оваа расправа ако од неа не произлезе барем тоа дека сме ги локализирале грешките и дека излез од оваа ситуација сепак има и дека сепак мора да има. Тој излез не значи дека од утре однесени како со волшебно стапче ќе ги снема сите проблеми со кои што нашите граѓани се среќаваат во секојдневието. Тој излез ќе стане поизвесен прво. и пред се ако час поскоро се врати довербата во институциите на системот во правната држава, довербата во државата РМ, довербата во способноста, или оспособеноста на тие институции да го гарантираат мирот и безбедноста на сите граѓани, да го гарантираат нивното право на сопственост, да ги гарантираат нивните основни човекови права и слободи. Затоа, главната порака што треба да ја испратиме сите заедно е назад кон институциите на системот, назад кон правната држава во вистинска смисла на тоа што цивилизираните народи подразбираат под правна држава. И за мене тука лежат и најголемите дилеми. Дали сите сфаќаме колку е битно тие институции да функционираат со полн капацитет, што треба да се направи да им ги вратиме уставните и законските функции и кој е најповикан да го реактивира овој процес за ставање во полн капацитет на сите институции на државата, на правната држава. Се разбира дека дилемите не лежат во тоа што еве, не знаеме кој е најповикан да го гарантира функционирањето на правната држава. Тоа е власта, законодавната, извршната, судската, локалната власт. Законодавната власт со новото парламентарно мнозинство, како што ви е познато, со неколку одлуки од почетокот на мандатот навистина и нанесе неколку тешки удари на правната држава во РМ. Но, општо е познато дека во тој поглед никој не може да ја одземе шампионската улога што во тоа ја одигра извршната власт во РМ. Оттука произлегуваат најголемите

дилеми, односно од фактот дека некои од клучните институции на извршната власт му кумуваа на разнебитувањето на институциите на системот на правната држава во РМ. Па се поставува прашањето, како да веруваме дека за правната држава ќе се бори на пример Министерството за правда кое и кумуваше на срамната трампа на нашите граничари, кое еве му кумуваше на ослободувањето од одговорност на мозокот на терористичките акции во РМ Фазли Велиу итн. Како да веруваме дека за правната држава ќе се бори на пример МВР кое "не успеа да притвори, или да изведе пред суд ниеден од учесниците во немилите настани за време на изборите што се случија во Кондово, во Струмица, во Охрид, во Пороj, во Џепчиште итн.", во кои имаше пукање, повреди со огнено оружје и од кои некои како што знаеме завршија и со смртни последици. Како да веруваме дека за правната држава ќе се бори Владата на премиерот Георгиевски кога таа Влада не ги почитува одлуките на Врховниот суд на РМ и ги етикетира како шовинистички, кога таа Влада, еве и од последните коментари на одлуките не ги почитува одлуките на Уставниот суд на РМ, како да веруваме дека за правната држава ќе се бори премиерот Георгиевски кој на јавен собир повикува улицата да го разреши стечајниот судија во ТАТ, а не оние кои што го именувале, кој на јавен собир го обвинува и му пресудува на еден од раководителите на најголемата македонска банка, а бара да потпише аранжман со ММФ во услови во кои што во целост ги дезавуира сите механизми и инструменти на правната држава и основното начело кое што се вика презумпција на невиност. И се поставува дилемата, која е разликата во практикувањето на власта од страна на нашата влада, од она практикување оквалификувано како тоталитарно и недемократско од целата меѓународна јавност, затоа што исто така на јавни собири организирани по принципот на спонтано случување на еден друг народ во нашиот регион, исто така на јавни собири се поништуваа устави, се обвинуваа им се пресудуваше и се праќаа во затвор граѓани на поранешната федерација во која што живеевме.

Почитувани колеги, може само на прв поглед да се мисли дека времето што го потрошивме за оваа расправа е залудно потрошено, може да испадне дека и тоа е точно, но мислам дека ќе завршиме голема работа ако извлечеме поука дека вака барем што се однесува до изборите за што сега за тоа расправаме повеќе не се може. Но, мислам дека несигурноста, неспокојот, незадоволството од севкупните состојби во државата кои што растат од ден на ден може до таа мера да растат и да нараснат и работите да ги испуштиме од раце. Ако тоа ни се случи, најверојатно ќе дојде некој друг од страна да не расправа и да ни нуди решенија. Со таквите туѓи решенија никој не се усреќил, па нема да се усреќиме ни ние. Имајќи ги во предвид сите тие состојби, сето тоа што ни се случува во последно време како што знаете такви ластовички над нашето небо веќе почнаа да се јавуваат. Но, за разлика од вистинските ластовички кои што доаѓаат од топлиот југ, овие ластовички сега се појавуваат од ладниот Север. Пет до дванаесет е, да и погледнеме на вистината во очи и да кажеме отворено што не чини во државата и што и во која насока треба да се менува, колку порано, толку подобро за сите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Веројатно заради споменување на името, Ѓорѓи Котевски бара збор.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што изнесе г-динот Ханџиски, на сите овие лаги, на целиот овој дефетизам што сака да го наметне во РМ, посебно кај народот во државата, доволно зборува за неговата неконструктивност и тој воопшто ништо не кажа како да се надминат состојбите. Тој само по негова фактографија опипува настани, опишува недела, опишува кражби итн, меѓутоа, ништо конкретно како предлог на оваа расправа не даде за да се надмине оваа состојба од изборите 2000 година.

Исто така, за сето она што го кажа, посебно тоа на крајот како пророкот Језекија, мислам дека нема таква способност, бидејќи не треба да се плаши од тоа што народот бил на нивна страна и секој ден ние го губиме процентот на гласачи во државата. Ако е така тие не требаше апсолутно да се впуштат во тероризам во овие локални избори.

И уште еднаш сакам да му укажам на г-динот Ханџиски, во Битола имаше терор од страна на СДСМ. Ако ние бевме терористи,сигурно ќе ги изгубевте изборите во Битола. Меѓутоа, тоа доволно зборува дека ние бевме крајно либерални, со една квалитетна и мека кампања ние ги водевме тие избори, но за жал завршија така како завршија.

Затоа, јас дадов конкретни предлози како да се надминат овие состојби. Вие досега со ништо не покажавте и не докажавте дека имавте намера да ги подобриме состојбите во државата. Напротив, вие постојано поткопувате, правите раздор и кај народот, меѓутоа, мислам дека до наредните парламентарни избори тоа ќе ви се врати како бумеранг на вашата партија СДСМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-динот Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Навистина не можам да му помогнам на колегата Ѓорѓи Котевски ако не ги разбрал сериозните пораки. Јас чувствувам голема одговорност за се што се случува во државата, независно дали припаѓам сега на опозицијата, порано сум припаѓал на позицијата и независно каде ќе припаѓам утре. Состојбите се многу сложени и бараат соодветни одговори, соодветни чекори. Никаде јас не споменав правење, вие споменавте. Никаде не споменав тероризам, вие споменавте. Но ни крадење ќе има во таква мерка, ни тероризам ќе има во таква мерка, а посебно во текот на изборите, ако г-дине Котевски институциите на оваа држава работат со полн капацитет и во рамките на своите уставни и законски овластувања. Или ќе им ја вратија таа функција, ќе обезбедиме услови да работат со полн капацитет не само овие што ги споменав, МВР, Министерството за правда зашто сега зборуваме за изборите, судовите кои сепак се покажаа најодговорни во оваа ситуација, ДИК која нанесе огромни штети не само по резултатите од изборите, туку по внатрешниот и меѓународен углед на државата итн. Или не чекајте во оваа држава ништо понатаму да оди на подобро и подобро, туку ќе оди на полошо и полошо.

Според тоа, ако Димо Хаџи - Димов, единствениот сведок на смртта на Гоце Делчев во Баница, 1924 год, на два месеци пред д,а го убијат, не сакам да повторувам кој, гледајќи во која агонија запаѓа македонскиот народ извикнал: "Браќа, назад кон автономијата", не кон пробугари, не кон просрби. Друг спас нема за зачувување на Македонскиот народ. Јас на некој начин, иако не ми е својствено, крикнав од говорницата - назад кон институциите на системот, кон правната држава, тоа е единствениот спас на Македонија. Ако и понатаму ги осакатуваме институциите на системот, ако ја изместуваме нивната уставна и законска функција, не чекајте добро за било кого, едноставно во таква држава работите не можат да функционираат, не можат да одат. Тоа е главната порака од тоа што јас го зборував и би сакал да најде место во една заедничка порака од целокупната расправа која со денови ја водиме и ништо повеќе од тоа, колега Горѓи Котевски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-динот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас се извинувам, но морам да појаснам. Г-дине Ханџиски институциите на оваа држава одамна се поставени, почнувајќи од плурализмот и посебно со донесувањето на Уставот на РМ. Свесен ли сте г-дине Ханџиски во колку такви кршења на Уставот сте учествувале во вашата партија и со вашата партија. Свесни ли сте што направивте 1994 год, со парламентарните избори, каков терор наметнавте и четири години владеевте без никаква парламентарна опозиција. И тогаш ли ги прогласивте за демократски изборите во државата? Зошто тогаш не крикна на говорница да кажеш дека најголемата политичка партија во РМ е надвор од институциите на државата, надвор од овој собраниски дом? Четири години не тероризиравте, не палевте, не труевте и јас навистина за едно те наоѓам во право. Во право си кај што затаија институциите на државата, бидејќи голем дел од вас учесници во организираниот криминал во државата не ве снајде словото на правдата и денес слободно се шета низ република Македонија и овде држите лекции како да се однесуваме ние што сме "голичи" спрема вас и спрема другите. За жал, навистина тоа е така, требаше голем дел од вас, од вашите тајфи да се најдат во затворите и тоа сосема исправно. И голем дел одлеа големи пари и надвор од РМ. Во меѓувреме, додека ја изгубивте власта, ги направивте одделни законски проекти така да не може денес ни јавниот обвинител да се вклучи и до крај да излезе во поднесувањето на кривични пријави покрај таквите недела и против таквите дејци од вашата партија. Но тоа е тоа. Јас мислам дека РМ, сепак, покрај сите вакви негативности ќе оди напред.

Уште еднаш апелирам, вие секогаш сакате да докажете нешто дека сте вистинско цвеќе за мирисање. Меѓутоа, генерациски ние имаме голема разлика со вас, или идеолошка ако сакате. Голема разлика, Вие не можете да се ослободите од рецидивите на минатото. Минатото и тоа ви тежи како голем товар. Дајте ослободете се за да можеме да воспоставиме рамноправен дијалог, да разговарам и да видиме каде се негативните работи, за да можеме да одиме

напред. Инаку, со вакви пророштва и со вакви изјави Димо Хаџи - Димов или од типот на Коте од Руља нема напредок, г-дин Ханџиски, нема. Во слободниот разговор вие добро размислувате, но кога ќе излезете на говорница веднаш му одговарате на лидерот, само му се додворувате и полтронски се однесувате. Истото и вчера го направи Тито Петковски, само да не укаже дека постои раздор во СДСМ, дека има различно видување за водењето на кампањата, дека сте поделени во СДСМ, дека голем дел од напредните сили, подемократските и полибералните, не се согласуваат со таквата кампања профашизоидна од страна на СДСМ. Тие пречки отстранете ги , ако треба и ние тоа што е минус и ние ќе го отстраниме, меѓутоа, за да одиме напред потребни се сите тие политички субјекти, за кои вчера Тито зборуваше да седнат на маса и да се договараат за сите прашања и проблеми.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повторно реплика за г-динот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Сосема накратко ќе кажам. Г-дине Котевски, ако сте искрени ќе кажете дека на работните тела на Собранието, на Комисијата која сега вие ја раководите и други комисии, ако некој бил подготвен за дијалог, конструктивна расправа и др. тоа бил вашиот колега Ханџиски и дека сум бил подготвен за дијалог секогаш било каде во јавноста, па и од оваа говорница. Секогаш може да се води дијалог ако човекот од другата страна, собеседникот не е конфузен и контрадикторен. Не може да се воспостави дијалог ако во секоја реченица или во секој збор имате контрадикција. Не можете да кажете дека е спојливо ако тоа јас што го правам цело време, да се бориш за правна држава, со тоа што вие сакате на некого да му етикетирате дека заштитува криминал и криминалци. Штом се бориш за правна држава, се бориш таа правна држава да го редуцира, намали и да го истреби ако може и крадењето и криминалот итн.

Според тоа, не влегувајте во контрадикторни дискусии и не етикетирање таму каде што не треба, затоа што јас сум уверен дека ќе профункционира правната држава, дека имаме добро судство, независно од тоа вие што рековте дека Тито Петковски ги поставувал судиите. Ама немојте ви се молам. Постои Републички судски совет, постоеше и сега постои, се знае процедурата, се знае кој ги дава предлозите. Ова Собрание може да ги прифати или одбие. Се знае дека во времето кога вие како политичка партија не бевте претставени во Парламентот се воспостави независното судство во Македонија и дека не одлучувавте во тие одлуки. Меѓутоа, тоа не е вина на СДСМ, вие по сопствена волја одлучивте да го напуштите вториот круг од изборите 1994 год, и да не учествувате во Парламентот.

Според тоа, судиите во РМ, актуелните и тие што се потенцијални, со оглед на тоа што сме мал народ, од прилика се знаат по име и презиме и тоа е потенцијалот со кој располагаме. Среќа е за оваа држава да има солидни судии и среќа е што судството независно од тоа што се многу тешки условите под кои работи, се уште добро функционира и убеден сум дека многу добро ќе функционира. И никој во оваа држава, кога ќе заживее правната држава, со вакво засилено судство нема да ја избегне правдата, затоа што не е подлежен на одговорноста само тој што го направил криминалот, ако го направил, подложен е на одговорност и тој што ќе оклевети дека си направил криминал, а не си го направил. Тие работи не застаруваат и ќе дојде ден кога секој ќе одговара за се што направил во таа држава и јас со радост го чекам. Тогаш ќе се погледнеме очи во очи, кој што правел и како правел. Тогаш ќе видиме кој за што се борел, кој за што се залагал. Зашто многу е лесно на зборови да кажуваш едно, а на дело да правиш друго. А бидејќи сме мала држава и мал народ, немојте да мислите дека не се знае ама баш се кој што зборува, а кој што прави. Се знае. Таа вистина е најреалната, најправедната и највистинската и добро што таа вистина народот ја знае и само така, со таква вистина и таква правна држава г-дин Котевски може да очекуваме некаков напредок, некаков развој во РМ. Инаку, ќе тапкаме во место или ќе одиме назад. Институциите на оваа држава се формирани, меѓутоа, нивните уставни и законски функции евидентно е дека се изместуваат.

Нема да должам, само едно прашање ќе ви поставам. Дали не се срамите од работата на ДИК за време на овие локални избори? Дали не мислите дека штетата што ја нанесе на РМ, а врзано генерално за меѓународниот углед, посебно за процесите на интеграцијата, едноставно е ненадоместлива, незамисливо висока, само затоа што е изместена уставната и законска функција на органот кој е задолжен да обезбеди, да организира фер и демократски избори во оваа држава, независно од тоа дали се локални, парламентарни или претседателски. Во тоа е проблемот и тоа е

заеднички проблем и или ќе кажеме дека тоа е проблем во оваа држава, проблемот е во институциите и ќе ги вратиме институциите на прав пат или навистина има место за песимизам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Котевски,ова е трета реплика за вас.

Расправајте се надвор.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван Ханџиски, јас ја разбирам твојата декларативност, меѓутоа со декларации не се решаваат работите. Вака сега искрено ќе те прашам, сакаш да ми одговориш сакаш не, сеедно.

Кога овде на оваа говорница - сега е видоизменета, таа беше старата говорница од македонски производ, македонско дрво, правена овде и македонски микрофони, овие не знам, можеби се увозни, твојот лидер Бранко Црвенковски истакна дека во Македонија има организиран криминал, голем октопод со кој ќе се пресмета г-динот Бранко Црвенковски Ти како прогресивна личност и како човек активен и министер, зошто не застана на страната за да се расчисти тој организиран криминал и да профункционира правната држава. Зошто тогаш во партијата во која се наоѓаш не направи некоја фракција и да им кажеш стоп на таквите луѓе кои не сакаат да расчистат со организираниот криминал и октоподот и да застанеш на една друга страна, како и јас кога ќе почувствувам дека е толкав криминалот, дека ќе избегам од мојата партија и ќе направиме една посебна партија со тебе што ќе се вика "Вистински пат" или не знам како ќе ја крстиме. (Некои од пратениците од СДСМ покажуваат кон новоформираната партија ВМРО-ВМРО). Нивни проблем, не навлегувам во тоа, демократско право си е на луѓето. Меѓутоа, зошто ти бидејќи вака одблизу те познавам не му се спротивстави на лидерот Бранко Црвенковски да му кажеше: Зошто акцијата не ја водиш до крај, затоа што јавно искажа дека постои октоподот. Меѓутоа, од тој октопод, од тие крадци никој не настрада во РМ, никого не го стигна словото на законот. И како сега ти овде мене ќе ми се декларираш дека јас сум за институциите на државата, да профункционира судството, да профункционира јавниот правобранител, јавниот обвинител, судиите итн. кога предмети по пет години лежат во судските пиони итн. Ова е тешка хипокризија, затоа велам јазот меѓу нас е голем. Јас држам до тоа секогаш да имаме мерка во сите работи. Меѓутоа, вие навистина од 1990 година ги претеравте сите мерки. И како сте вистински мажи, ви кажав, ако сте вистински мажи дајте да седнеме прогресивните сили во сите политички партии да доминираат, не криминалните сили, ако сте мажи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Трета реплика за г-динот Ханџиски, бидејќи му се обраќаше директно на име.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Море колега Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугаре, ја знаеш вистината, а друго зборуваш.

Прво, нема држава во светот во која нема криминал, ниту има држава која успеала да го искорени криминалот. Ниту СДСМ ниту Бранко Црвенковски тврдел дека во време на наше владеење немало криминал. Јас нема да зборувам за тоа дали тоа бил организиран криминал и од какви размери, затоа што не сум стручњак. Меѓутоа, дека имало криминал, имало криминал и дека отворено се зборуваше, и Бранко Црвенковски како што рековте од оваа говорница направена од македонско дрво и македонски микрофони, како што рековте, што никогаш не сме произвеле микрофон, отворено зборуваше за криминалот. И нема хипокризија затоа што направивме напори да се бориме против криминалот. Дали тие напори беа доволни, дали тие напори ги дадоа очекуваните резултати е прашање за кое што може да расправаме. Ние признаваме дека не успеавме да ја добиеме битката со криминалот. Тоа беше една од основните причини што народот кога гласаше 1998 год, така гласаше за коалицијата за промени, така гласаше за СДСМ. Но тоа не ги амнестира ни тие што биле досега на власт, ни тие што се сега на власт да не се борат против криминалот, или уште повеќе да создаваат услови за да се расцвета. Зашто фактите, за жал, зборуваат. Еве, ние се боревме. Не оспорувам дека и оваа власт се бори, иако некои викаат дека му кумува, не оспорувам дека се бори. Но фактите сега зборуваат дека само за една година криминалот во оваа држава е двојно зголемен.

Сакам да укажам и на една објективна околност. Кога се зборува треба искрено да се каже. Нема, посебно земја во транзиција во која криминалот не е пропратна појава, кога менувате од корен политички и економски систем, кога мора да ги забрзате процесите на приватизацијата, нешто што некој пат на сила било изместено од историските текови, сега нема правда и правичност, со кој што на правилен начин повторно ќе им го вратиш

на луѓето. Во такви услови колку сакаш простор за мангупи, криминалци итн. Во земјите во транзиција не може да се избегне, меѓутоа, не смее да се напушти борбата против криминалот. И ќе се цени и претходната власт и оваа власт по тоа колку успеала да се бори. Значи, не се поставува прашањето дали имало борба против криминалот, се поставува прашањето колку сме биле успешни ние во минатиот период, колку сте вие сега успешни, а тоа се гледа преку показателите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Никој вас не ве спомнал, ниту што има.

Господине Никола се јавувате за реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, благодарам за зборот, јас не сум спомнат, меѓутоа сум координатор на Пратеничката група на СДСМ, за која беше изречена сериозна квалификација и дозволете само за една минута, тоа да го кажам.

Господинот Котевски зборуваше и тој е заменик координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и претпоставувам дека тежината на тоа што го кажа, заради тој факт е зголемена. Имено, тој кажа дека нашата партија, која сум должен по Деловникот, да ја претставувам во ваква ситуација, води профашизоидна кампања, што мислам дека е една претешка оценка и мислам дека беше дадена во една напната и еуфорична дискусија по повод други политички разлики, кои објективно постојат. Би бил многу среќен ако господинот Котевски, сепак, ја повлече таа изјава, затоа што е претерана и да признае дека беше дадена еуфорично и тоа не го мисли. Затоа што, ако остане оцената изречена од заменик координатор, мислам дека сме во многу неумесна ситуација во тој случај. Ова не би сакал да се сфати како реплика, меѓутоа сметам дека е претерана таквата оценка да остане, без да се демантира од мене како координатор. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Меѓувреме господинот Вангел Симев се приближува кон говорницата и бара да зборува).

Господине, не бевте спомнат, апсолутно.

Ве молам и дозволете да ви кажам, Вангеле, седнете си на место.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Да кажам само неколку зборови.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Нема да кажеш и повелете седнете.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Дали е ова демократија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете, седнете.

Говориме за реплика, а не за закажување. На ред си да дискутираш и имаш време да дискутираш.

Збор има Флоровски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Па, нели, генерално се повлековме како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, така што задржувам право по потреба да се јавам. Односно го задржувам тоа право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Спанаков Ристо.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувано колеги пратеници, кај мене не постои дилема, дали треба да ве наречам почитувани или не, како што тоа беше кај некои од претходните дискутанти, затоа што навистина сметам дека овој дом треба да биде дом за почит на сите пратеници, меѓусебно да се почитуваме и да даваме пример на другите граѓани во Република Македонија како треба да се однесуваме, не само на политичката сцена, туку и во секојдневниот живот.

Јас на почетокот на мојата дискусија ќе кажам Дека сум против секаков вид насилие, против секаков вид на теророт во Република Македонија по било кој основ и секој таков чин го осудувам со Целосна одговорност. Сметам, дека Република Македонија не смее да биде место на пресметки по било кој основ.

Затоа, од оваа говорница уште еднаш ќе го потврдам ставот на Демократска алтернатива, чии член сум, дека го осудуваме секој акт на насилство.

Слушајќи ги моите претходници, со жалење можам да кажам дека, освен кај поединци кој што во своите дискусии се обидоа да пронајдат она што ни се случува тука во Република Македонија, но № целосно и до крај ги расветлија сите работи. Можам да констатирам дека, навистина, седницава премногу се одолжи и можеби веќе на граѓаните почнуваме да им стануваме и досадни, но сметам дека е добро што еднаш се отворија овие прашања тука на оваа говорница, можеби да им се пронајде најпосле

дефинитивно крај на сите овие состојби во Република Македонија.

Најголем дел од колегите пратеници зборуваа за последиците што се случуваа во Република Македонија. Многу малку од нив се обидоа да го пронајдат изворот на таквите работи. Јас не се сметам за некој голем политичар себе си, сигурно, има од мене и поголеми аналитичари, но веројатно, потребно е да се направат доволно добри анализи за целокупната состојба, посебно во делот на изборниот процес во Република Македонија и да се види што, всушност, ние со овие слободни, да кажеме, фер и демократски избори, за кои што сите се крстиме и во кои сите се колнеме во Република Македонија, како сме ги довеле до овој степен, на кој што се сега во Република Македонија. Избори, во кои што доминира насилство, кои што буквално речено, фрлаат еден белег на демократијата во Република Македонија во целокупното живеење во Република Македонија со жртви, со повредени итн., за кои што јас мислам дека во овој момент треба длабоко да им се извиниме и да изразиме едно сочувство кон сите оние кои што на било кој начин се вовлечени во тој сегмент или се засегнати по тој основ. Јас, тоа од оваа говорница го чувам, со тоа што сакам, секако, малку посериозно, да разговараме за причините, за носителите на појавите кои што сега ни се случуваат.

Би сакал да почнеме од процесите од 1990 година, кога за прв пат во Република Македонија на некој начин имаше повеќе партиски избори, па до денешен ден и да видиме дека тој изборен процес, да кажеме, би требало да се развива во една позитивна насока, но навистина, последниве години добива димензии, кои што се несакани.

Би кажал, дека со ослободувањето на онаа дилема кај граѓаните како да гласаат, што да гласаат, за кого да гласаат, кому да ја дадат својата доверба, мислам дека најголем дел од одговорноста паѓа на политичките субјекти, кои што во Република Македонија постојат. И, не само на нив, туку јас, пред се, мислам на идеолозите и творците на таквите политички партии, а тоа се лидерите на политичките партии. Мило ми е што тука влезе господинот Црвенковски, како лидер на една од најголемите опозициони партии, а жалам што тука не се и другите лидери, но веројатно, од одредени причини не се тука, но сепак, мислам дека најголемиот дел од одговорноста лежи кај нив. Мислам дека со направени анализи добри, ќе се установи како се развивал изборниот процес. Јас до 1998 година не бев активен учесник во изборите. Активно се вклучив во изборите дури во 1998 година, кога бев и предложен за кандидат за пратеник, дотогаш, отворено да ви кажам, не ни замислував, ниту можев да сфатам, ниту ми беше разбирливо и сфатливо што се е можно да се прави на такви избори. Дури, откога влегов во тој изборен процес, навистина, видов и јас што се случувало, што се правело и што е *се* во состојба да се направи, да се добие доверба на граѓаните. И, навистина, морам да ви кажам, со големо жалење, дека она што го видов не ми се допадна многу. На цела уста се зборуваше дека демократијата во Република Македонија до 1998 година била на високо ниво, а после тоа почнала да паѓа и да паѓа. Јас не се сложувам со таквиот начин на размислување, затоа што за одредени работи, за кои што сега ќе проговорам, што длабоко овде, не само што јас ги чувствувам, туку ги чувствуваат сите граѓани во оваа држава, е дека ние, всушност, сме жртва на еден наметнат, да не кажам, политички терор. Туку, на една наметната состојба со начин на афирмација на нашите политички гледишта кај граѓаните, на начин, според мене, да не кажам недостоен, но начин кој што буквално кажано ми дава за право да се сомневам дали кај политичките партии постои желба, таквата работа еднаш за секогаш да ја елиминираат, да ја тргнат настрана.

Јас не претпоставувам и не верував во 1998 година дека за да добиете изборен процес, треба да одите од куќа во куќа, да одите кај граѓаните, буквално речено, политички да ги тероризирате, буквално речено да им укажувате на одредени работи дека ќе те следиме ако не гласаш за нас, ти ќе бидеш избркан од работа и сега, замислете, ова што се случува тука од оваа говорница, јас ќе го кажам тоа, за почитуваните колеги од СДСМ, од опозиционата партија овдека, што кај ниту еден од нив не почувствував дека има желба отворено да проговори и да каже што се тие работеле во тој дел на изборите и кое е нивното влијание за целокупните случувања во изборниот процес до сега. Како се развиваат одредени работи? Па, ако правите на одредена работа, имате таканаречени физички закони, акција и реакција, ако нешто направите, очекувајте одговор.

Точно така. Јас никогаш не се сложувам со одговор во негативна смисла на зборот. Секогаш сакам позитивен одговор да биде, но очигледно е дека кај нас во одредени сегменти, тоа не може да се постигне.

Затоа, веројатно, на крајот на мојата дискусија, ќе предложам одредени работи, кои според мое мислење, мислам дека ако не да ги олабават малку овие политички тензии, но во секој случај ќе овозможат можеби, ако колегите пратеници тоа правилно го разберат, да овозможат да излеземе од оваа ситуација. Зошто да излеземе? Затоа што, еве сега ќе ви кажам вака отворено, со сите разговараме тука, мислам во собраниските кулоари, разговараме со почитуваните колеги пратеници околу одредени состојби кои што се случуваат во Република Македонија. Со почитувани колеги пратеници кога разговараме на страна кажуваат едно, кога ќе дојдат на говорницата, дали од преголем почит и респект спрема лидерот на политичката партија или од страв да не бидат изолирани во понатамошниот политички живот не го кажуваат тоа што го мислат, туку го кажуваат она што треба да го кажат од аспект на политичката партија. Дозволете, за мене тоа е неприфатлива работа. Ако се сметаме за демократи, јас она што мислам да го кажам, ќе го кажам, без оглед на тоа дали некому му се допаѓа или не му се допаѓа. Јас и со мојот претседател, со господинот Тупурковски отворено разговарам за сите прашања, отворено ги лоцираме проблемите, доколку такви ги има, и отворено разговараме и не се плашам да го кажам моето мислење и став и дури тој став и мислење да го изречам на оваа говорница.

Затоа, кај мене воопшто нема двобој дека сум навистина, член на една Демократска партија, партија која што навистина се залага за поправање, да кажеме, на веќе наметнати состојби во Република Македонија. И, од тој аспект сум горд на таа работа.

Друго нешто што сакам да го кажам е тоа дека, навистина, сметам е наметнато такво темпо на политички живот во Република Македонија, темпо на размислување во таа смисла, што буквално речено, граѓаните политички се тероризираат. Тоа е мое мислење, не мора да биде партиско мислење, а тоа го кажувам, затоа што јас така го чувствувам.

Сметам дека реториката, која што се употребува на различни нивоа, на различни митинзи, на митинзи кога беа одржувани, да кажеме, јас би рекол во ерата на доминацијата на СДСМ и после тоа, добро се сеќавам кога се критикуваше таканаречената улична демократија, а сега на сет глас, таквото нешто се оправдува. Зборуваме за повеќе аршини на однесување. Извинете, тоа е двоен аршин на однесување. Не можете за една работа, да имате различни мислења и толкување. Тука ќе ја потенцирам и онаа дискусија на господинот Абдурахман Алити, кој што во одредени сегменти, јас го почитувам него како колега пратеник и неговите дискусии секогаш со внимание ги слушам, ми падна во очи една негова изјава дека добро било кога за одредени гласачки места едно лице гласало за пет души, а лошо е кога за едно лице гласале 15 или 25. За мене, почитувани колеги пратеници, тука нема двоен начин. За мене е лошо и кога еден гласа за пет и кога еден гласа за 25. Ние, не можеме да коментираме дека сега добро е ако еден гласа за пет, тоа го земам во овој контекст, ако некому одговара во даден момент така да се однесува, тогаш тоа е добро, а ако не му одговара, тогаш тоа не чини. Простете, навистина, мислам дека прв на лицемерство е таквиот начин на дискусијата тука од оваа говорница и мислам дека таквиот начин треба еднаш за секогаш тука да го прекинеме, мислам во тој сегмент.

Понатаму, навистина, мислам сериозно да се размислат, посебно лидерите на политичките партии и тука би апелирал и до господинот Црвенковски, тука го гледам лично и со задоволство ќе му кажам. На митинзите на кои што темата беа локални избори, толку вешто, бидејќи сте вешт говорник, морам да ви признам, успеавте тие тези да ги поставите на сосема други основи како да се работи за референдум, за предвремени парламентарни избори. Луѓето, на крај, сега да ви одговорам на една работа, не знаеја за што гласаат. Дали гласаат за локална власт или гласаат за предвремени парламентарни избори. За моја голема жалост, иако почитуваниот господин Тито Петковски вчера сакаше тоа да го амнестира и каже дека не е важно како се дискутира на митинзите, јас ќе ви кажам е многу важно каква реторика се употребува на тие митинзи. Јас не можам да се сложам митингот во Гевгелија кој што беше, да кажеме, па се очекува митинг на кој што имаше 2,5 или 3.000 луѓе, не е важно, не сакам да коментирам, тоа сепак се бројки

кои се водени сегменти, реални или нереални, на еден таков митинг, прво, дел од дискутантите да употребуваат изрази и термини, кои што за мене буквално речено, се неприфатливи како политички изрази. Замислете, излегува господинот Гошев, ќе го кажам по име презиме и говори за политички кловнови, кои што ја водат државата, за авантуристи и најпосле еден тежок збор, кој што и мене тешко ми паѓа, за Македонци. Ве молам, такви зборови, такви фрази, такви термини, мислам дека се апсолутно неприфатливи, дозволете, сепак, треба некое ниво на политичка култура да задржиме, макар и на тие улични митинзи, таканаречена улична демократија.

Понатаму, пласираните тези, Македонија или ќе ја биде или нема да ја биде, дозволете да ви одговорам, Македонија ќе ја биде господине Црвенковски, и без вас и без мене и без нас, Македонија, сепак, ќе опстане. Не сте вие Македонија, не сум јас Македонија, туку Македонија сме сите заедно. Така што, јас навистина, ви се извинувам дека за таквата извлечена теза има и многу други работи, кои што можеме да ги земеме од минатото. На пример, Германија или ќе ја биде или нема да ја биде. Србија или ќе ја биде или нема да ја биде. Извинете, јас не се согласувам никогаш со исфрлањето на таквите тези. Македонија секогаш ќе ја биде и од тоа нема отстапување. За мене, тука нема дилема. Дали со вас, дали без нас, Македонија секако ќе ја биде. Јас таа теза никако не можам да ја прифатам.

Понатаму, таквата политичка реторика, таквата воинствена реторика што очекувате, да ве прашам, да постигне ефект крајниот слушател, последниот граѓанин. Зарем мислите дека сеењето на омраза, ќе ни жнее љубов? Зарем сеењето на бејзбол палки, ќе ви жнее тополи, буки? Зарем сеењето на куршуми, некому ќе жнеете јагоди и цреши или вишни? Не. Морам да ви кажам дека таквиот начин на однесување ќе Ви донесе крв до колениците на сите.

Затоа, апсолутно, уште еднаш сакам да укажам на тоа дека за мене неприфатлив е таквиот начин на однесување, неприфатлив е посебно од лидерите на политичките партии, кои ги наоѓам како најголеми виновници за целокупната состојба сега кога егзистира во Република Македонија. За институциите на системот не сакам да коментирам. Само да ви одговорам на една работа, за мене, институциите на системот се институции на системот и секогаш ќе ги почитувам. Знаете зошто? Затоа што тие се одраз на една држава. Како ќе ги воспоставите, така ќе ви функционираат. Но, сериозни забелешки имам на излагањето на господинот Тито Петковски кој што кажа дека судството на Република Македонија е независно. Јас ќе поставам едно прашање сега. Еве, јас го поставувам како дилема за разговор, за размислување. Дали, навистина, сметате дека некој човек, кој што вие сте го избрале, може да биде независен. Отворено прашање, прашање како дилема за разговор. Дали сметате дека јас ако Ве изберам јас, дека вие можете да се однесувате апсолутно независно? Не господине. Не, мора да бидете лојален кон тој што ве избрал, иако јас сметам дека, доколку таквите судии, судството, за судството тука зборуваме, дефинитивно сакаме да биде независно, мораме да му оставиме простор тоа да биде направено на начин кој што во секоја една демократска држава е направено. Со демократски избори, Републичкиот судски совет дали ќе ги бира, дали ќе си пронајдат формула како треба да бидат избирани, по кој основ ќе бидат избирани, како ќе бидат избирани и најпосле да функционира работата како што треба.

Понатаму, она што мене навистина ме загрижува, е следната теза, која што беше кажана и за која што сериозно мораме да поразговараме. Тоа е тезата за наводното случување народ во Романија, во Југославија, во Бугарија, во Албанија, дека таквото нешто ќе се случи во Македонија.

**РИСТО СПАНАКОВ**: (Продолжение)

Јас, навистина не сакам да верувам дека такво нешто може да ни се случи во Република Македонија. Но сега почнувам, полека, полека посигурно да верувам дека, доколку продолжиме со ваква реторика, доколку продолжиме со ваквиот начин на однесување можеби и тоа ќе ни се случи. Можеби. Меѓутоа, јас да ви кажам отворено уште еднаш повторно ќе повторам, не сакам да верувам дека такво нешто во Република Македонија може да се случи. Сепак, сепак мислам дека до тој степен нема да ги доведеме работите, до тој степен нема да ги вжештиме односите, до тој степен нема да дозволиме да ни се случат такви работи во Република Македонија.

Знам дека после оваа моја дискусија ќе има барања за реплики, барања за укажувања. Но, најсериозно би

ве замолил да размислите околу тоа кога ќе ми реплицирате да излезете со податоци, да излезете со факти. За ова што го дискутирам до сега апсолутно располагам со податоци и факти, не до сега водената кампања туку досегашниот воден целокупен политички живот во Република Македонија од осамостојувањето па наваму.

Понатаму, има уште многу работи за кои што сакам да кажам некои сегменти. Би прокоментирал дека, сепак, вината ја лоцирам во политичките субјекти и во нивните лидери, затоа што никој не може да ме разубеди дека, ако лидерот каже дека оваа работа нема да ја работиме вака, не верувам дека некој ќе има храброст, покрај него да воспостави такви односи, упорно да кажува не господине лидер, не те слушаме тебе, ние ќе работиме вака.

Ќе ви кажам пример. Во 1998 година во изборниот молк, тогашниот градоначалник на Гевгелија влегува во една кафеана со набиен електрицитет, каде седат млади луѓе од двете политички партии и, замислете, што прави? Му наредува на дис џокејот да пушти песна, химната на СДСМ. Што очекуваше, каква реакција очекуваше да се појави. Нормално, јас ќе ви кажам. Што очекувавте? Зарем очекувате кога ќе покренете некоја акција дека нема да наидете на реакција? Нормално е, посебно во такви моменти каде тензијата достигнува одреден максимум.

Да ви кажам спротивен пример, не за да фалам или нагрдувам некого. Влегува сега, тогаш лидерот на ВМРО-ДПМНЕ г. Лазар Шуклев, ќе го кажам со име и презиме, во една друга кафеана, после изборите каде што веќе еуфоријата, после добивањето на довербата на пратеник од опозицијата, наместо да ја порача химната на ВМРО-ДПМНЕ и на ДА, тој седнува меѓу младите луѓе, им кажува дека и тие се млади луѓе и не треба политички да се делат уште на самиот почеток, дека треба сами да седнат да работат и ги почестува со по една кока кола. Реакцијата беше аплауз од сите.

Ја чувствувате ли разликата? Сигурно ја чувствувате. Јас тврдам дека е така, затоа што лажно сум бил присутен таму во одредени сегменти, во одредени моменти и ме засега таа работа.

Затоа ви кажувам ако на толпата граѓани од околу 5000 и повеќе во онаа еуфорија каде што јас минав низ улиците на Гевгелија, не по моја желба, туку затоа што така сакаа граѓаните таму, замислете јас, во тој сегмент, можам да кажам лидер на таа толпа, можев да викнам "УА", можев да плукнам или да кажев фрлајте бомби, камења. Замислите што ќе се случеше тогаш?

Е сега, за разлика од мене, некој тоа го прави. Кој, не сакам да коментирам. Ве оставам длабоко да размислите. Одговорите на сите прашања што ги поставив ги знаете. Затоа велат не поставувај прашања ако не ги знаеш одговорите. Јас ги знам одговорите, но сепак поставувам прашања. Вам ви поставувам прашање - што мислите каде ќе одиме ако понатаму вака продолжиме во нашите политички договори? Какви следни избори очекувате? Со крв до колена?! Извинете, јас на такви избори не сакам да бидам учесник.

Не сакам заради тоа што навистина сметам дека Република Македонија заслужува многу повеќе од тоа.

На крајот да завршам, ќе кажам за моите размислувања околу тоа какво е моето размислување за решавање на наметнатите проблеми.

Мислам дека под број еден треба сериозно да размислиме околу промената на изборниот модел во Република Македонија во тој сегмент.

Понатаму, второ, мислам Собранието треба да донесе, според мене, кодекс за однесување на политичките партии, со посебен акцент на однесувањето на лидерите на политичките партии, во кои што дефинитивно ќе се откажат од услугите на т.н. туристи кои развиваат еден нов вид туризам во сите гранки, во секој сегмент на Република Македонија, да се откажат во т.н. заштити на изборните процеси, затоа што за заштита на изборниот процес се знае кој треба да биде одговорен во една држава. Тоа не можат да бидат туристите на Ванчо Георгиев, кого не го гледам сега тука, се извинувам, не сакам да спомнувам имиња на колеги пратеници кои не се тука, но морам да го спомнам, затоа што навистина ми беше крајно депласирана, неговата изјава дека тоа не се платеници, туку тоа биле луѓе на кој им платил само бензин и хранарина за да одат ваму или таму. Навистина, јас со насмев ја слушнав таа работа, затоа што за мене тоа е толку неприфатливо.

Прво, би сакал во сопствените редови, почитувани лидери на политички партии, расчистете си ги работите во своите редови. Расчистете што предвидувате на Република Македонија, што сакате од Република Македонија и најпосле, трауматизмот во одредени изјави дека Македонија нема да го потпише Договорот за асоцијација и стабилизација со ММФ. Кога тоа беше кажано од една почитувана колешка пратеничка тука, кај мене постави една дилема навистина да размислам дали позадината на сите овие работи што во Република Македонија се случуваа се токму тие процеси? Затоа што Република Македонија се движи и се наоѓа на една пресвртница. Треба да потпишуваме договори со Европа за наше учество во идните евроатлански интеграции. Дали, поставувам прашање дали не постои некоја позадина во целата оваа работа, која што сака Република Македонија да ја оддалечи од тие процеси?

Се вртам кон сегашната опозиција и тоа ви го поставувам како прашање вам, г. Бранко Црвенковски и на вашата пратеничка група. Иако многумина од вашите колеги почитувани пратеници сакаат тоа да го оспорат на овој или оној начин. Сепак, кај мене стои таа дилема. Навистина стои таа дилема. Затоа што кога бевте поканети активно да учествувате во процесот на разговори и преговори со ЕУ, вие одбивте. Колку сум во право не можам да одговорам, но сепак на мое огромно задоволство, од она што го слушнав од г. Љупчо Анушев дека сепак учествувате во разговорите и преговорите за наш пристап кон евроатланските интеграции.

Навистина ви го поставувам тоа сериозно прашање и барам одговор дали во позадината на целокупното ваше делување не стои точно уназадување на демократските процеси во Република Македонија, со една друга цел што се однесува до целосно интегрирање на Република Македонија во евроатланските структури. И на тоа прашање го знам одговорот, не сакам да го кажам од оваа говорница, го оставам како тема за размислување (дофрлање од место)...

Го знам, го знам г. Гештаковски. Многу добро го знам затоа што да беше она како што замислував и мислев дека е, сигурно немаше да дискутирам и да се обратам на опозицијата.

Ви благодарам на внимание.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г. Спанаков.

Господа, часот е 14,30 мин. Дали да дадеме пауза или да работиме до 15,00, па да продолжиме после паузата во 16,00?

Значи, ќе дадеме пауза во 15,00 часот.

Процедурално збор побара г. Рубен Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Се извинувам што се јавувам процедурално. Во договорот на нашата пратеничка група на која што не присуствував, било кажано во име на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ да реплицира г. Котевски. Од тие причини не се јавив за реплика. Меѓутоа, остана нешто не реплицирано. за што ценам дека задолжително би морал да кажам нешто. Би замолил само за два збора.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да немаме расправија, ве молам.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ**:

Се работи за една дезинформација што јас во три зборови ќе ја демантирам.

Во дискусијата на г. Ханџиски, говорејќи за не функционирање на институциите на државата ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, отиде, Ханџиски си отишол. Ве молам завршете.

Има збор госпоѓица Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Се надевам дека и покрај зборовите на некои наши колеги во Парламентот, се уште можат да зборуваат и оние кои не се вистински мажи.

Имајќи го тоа на ум би сакала да почнам со тоа што сакам да кажам дека често пати се спомнува дека молчењето е злато, во одредени ситуации, дури и во ова Собрание навистина е точно.

Меѓутоа, мислам дека на оваа седница генерално треба да имаме на ум дека секое молчење можеше да биде злосторство или да биде соучесништво во некое такво злосторство, заради тоа што кога нешто ви се случува во домот, најмалку нешто што можете да направите тоа е да реагирате и да побарате тоа веќе така да не биде.

За жал, Собранието, и покрај тоа што реши да реагира, после навистина голем број на дискусии, после голем број иницијативи, одбивања на такви

иницијативи, за жал во текот на својата, веќе неколку неделна работа, неколку пати на јавноста и праќаше сосема погрешни пораки. Кај јавноста создаваше сосема погрешни слики. Слики што не одговараат на вистински Парламент на вистинско Собрание. Слики кои што не одговараат на одговорни луѓе во најодговорната институција во државата, слики што не одговараат дури и на хумани луѓе, на кои, по се изгледа во одредени ситуации се уште не им доаѓаат во свеста дека во земјава има луѓе и тоа на избори слични на оние со кои што ние влеговме во оваа сала.

Често пати испраќавме слика што не одговара на сликата на хумани луѓе на чии маси лежи писмо на една мајка која вели дека не може да најде зборови со кои што ќе ја опише својата болка. Која вели дека не може да ги опише сите минути, часови, денови што ги поминала очекувајќи некоја подобра вест за животот на својот син. На која, внимавајте, и е чуден индолентниот однос на институциите, меѓу другите претпоставувам и оваа бидејќи во тој момент навистина се однесувавме индолентно и која, за разлика од многу наши колеги пратеници кои велат дека се она што не ни се случило лично нам, не треба да не засега, вели дека како мајка, по сето тоа што го преживеала ќе се чувствува поспокојна доколку знае дека тоа што и се случило нејзе нема да се случи на некои други. Дека некој мисли за своите граѓани и дека тие се заштитени од државата. а не престана да бидат изложени и заканувани од страна на криминалци.

Се надевам дека и во текот на остатокот на седницава ќе настојуваме да ја задржиме, сепак, оваа слика во глава. Да испратиме, барем од време на време, порака дека некој навистина се грижи, па дури и првата институција во државата.

Меѓутоа, дозволете ми сепак да преминам на тоа што денеска и конкретно го дискутираме. Да почнам од она што јас го сметам за почеток.

Многу од колегите, многу од политичките аналитичари во нашава држава ќе речат дека се почна, на некој начин, по парламентарните избори 1998 година дека она што ни се случи во 1999 година на претседателските избори или се повторува оваа година, 2000 година, на локалните избори, дека практично е резултат на процесите што започнаа во овој период. Би се согласила дека најочигледните манифестации на овие случувања навистина датираат од овој период. Меѓутоа, за жал, мислам дека причините се уште подлабоки. Траат веќе еден подолг период.

Имено, мислам дека вистинските причини лежат во едно длабоко чувство на некои политичари, политички фактори во Република Македонија дека се почнува денес, дека се почнува од нив, со нив и за нив. Дека лежат овие причини во чувството да се биде на чело на оваа држава не е одговорноста туку е привилегија или мноштво на привилегии. Дека, да се биде на чело на оваа држава не е политика, ами владеење. Дека не е водење, ами посетување.

И, кога во политиката ќе влезете со вакво мото, кога во политика ќе влезете со вакви концепти или, поточно кажано отсуство на било какви концепти, тогаш со ваквото примитивно сфаќање на политиката нормално е дека ќе сфатите или дека ќе прифатите дека моќта и власта веднаш ќе станат или станале веќе цел самите за себе. А, нормално е, одржувањето на таа моќ е политички приоритет пар екселон.

Некој, во текот на оваа долга дискусија во Собранието спомна дека во Република Македонија политичките противници некој ги смета за колеги, што е навистина вредно за почит, некој ги смета за конкуренти, а некој дури ги смета дури и за непријатели. Нема да потсетувам дека често пати сме повторувале дека секоја паметна власт знае дека опозицијата и е потребна, дури неопходна, бидејќи тоа кај нас навистина не вирее. Во денешнава зовриена политичка атмосфера за која некој, со право, во текот на седницава забележа дека целосно ја уништува граѓанската комуникација во оваа држава, непријателската опција е онаа што речиси постојано доминира.

Но, за жал, таа, во Република Македонија не е најстрашна. Најстрашна е онаа опција што вели дека политичкиот противник е непријател, туку дека тој е непријател кој по секоја цена треба да се уништи. И тоа; навистина се случува. Се случува од моментот кога оваа коалиција што е денеска на власт, дојде на таа власт. Се случува или започна со чистки во администрацијата, со замолчување на опозицијата во Собранието, навистина со смешни обиди за замолчување на опозицијата понекогаш, со само закржлавување или

минимизирање на улогата на Парламентот со партиска наместо пазарна економија итн. итн., често пати ги спомнуваме овие работи, јас не сакам да ги повторувам.

Но, 1998 година е значајна за една поинаква анализа што треба да ја направиме, можеме да ја направиме или поинаква споредба што мораме да ја направиме. Речиси сите, практично сите во оваа сала, на некој начин учествуваа во политичката предизборна кампања пред овие парламентарни избори. Верувам дека голем дел од вас ќе се согласите дека и таа беше жестока, без разлика што денеска применуваме некои други критериуми.

Дали се сеќавате денеска за кои теми дебатиравме? Дали се сеќавате ако некој во таа дебата поменеше дека Република Македонија со сите тогашни мани, со сите слабости, со сите проблеми, сепак успеа да стане независна држава без војна, сепак успеа да ја зачува својата стабилност, дека ја развива демократијата, дека реализираше успешни и мирни парламентарни избори и претходно локални, дека стои подобро од земјите во регионот итн. итн, дали се сеќавате секогаш кога тоа беше спомнувано единствената реакција што ја добивавме од страна на тогашната опозиција беше - па тоа е нормално, ние не сме задоволни само со тоа.

Верувајте, ако ви кажам денеска дека и јас се согласувам со тоа дека политичките фактори, ниту граѓаните на Република Македонија не смеат да бидат задоволни само со толку. Нормално е дека требаше во тој момент да ги подигнеме стандардите па да бараме и нешто повеќе: постабилна економија, поголем социјален или економски просперитет итн. итн. Сето тоа беше и нормално и потребно. Ние тоа го прифативме, дури и во такви услови.

Меѓутоа, запрашајте се што се случува денеска? Денеска, веќе само две години после тие избори констатираме дека сите тие работи што ги сметавме за апсолвирани, сите оние работи што сметавме дека како цел се веќе зад нас, дека се неактуелни, повторно се враќаат во политичката дискусија, повторно се враќаат во политичката, ако сакате, арена. Повторно стануваат проблематични и се доведуваат во прашање.

Дали денеска можеме да кажеме дека Република Македонија е земја во која се развива демократија? Денеска тоа дури никој не го доведе во прашање. Дали денеска можеме да кажеме дека Република Македонија е држава во која се спроведуваат мирни, слободни демократски избори? Никој веќе ни тоа не се обидува да го каже. Дали е тоа држава која е сигурна и стабилна? Не. Допрва треба повторно да се стабилизира.

Македонија се враќа назад, констатираа речиси сите од оваа говорница, станувајќи држава во која власта нема намера да организира фер и демократски избори ако тие избори и такви избори значат дека таа треба да се откаже барем од дел од власта. Така беше и на претседателските, така е и сега на локалните избори. Интересно е тоа што поразите на овие избори немаше да значат губење на државната власт на оваа коалиција. Или, барем не директно.

Меѓутоа, коалицијата, точно е дека се уплаши дека тие може да станат почеток на крајот. И дека, доколку малку пуштите од власта од раце, дека таа може и целата да ви избега. Ако некој цинично ја коментира ситуацијата во Македонија после овие два изборни циклуса, може да каже и следно - опозицијата во Македонија ќе дојде, ќе победи на избори, ама тогаш кога ќе дојде на власт. Оние кои цинично не ја коментираат туку реално ја коментираат ситуацијата во Република Македонија, и ако не реално, барем објективно, напишаа извештаи што некои колеги одлучија да ги цитираат во текот на расправата на Собранието. Такви се извештаите на ОБСЕ, таков е Извештајот од Групата на Заедницата на локални власти при Советот на Европа. Тие претходно беа цитирани, меѓутоа јас морам да ги повторам, бидејќи во текот на расправата изгледа биле заборавени.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Извештајот на ОБСЕ вели дека изборите повторно не ги исполнија обврските на земјата кон ОБСЕ, во поглед на спроведувањето на изборите, ослободени од насилие и притисок, избори кои ќе го штитат правото на тајно и слободно гласање. Потоа ќе се вратам на тоа, кој е одговорен за тоа.

Понатаму, денот на изборите беше одбележан со тензии и нерегуларности, притисоци и насилија во значителен број на општини. Па набројува: Отворање на кутии, кршење на кутии, семејно гласање, гласање во име на друг, отсуство на контрола на документи за идентификација итн.

Што се случува? Единствена одбрана која што ја чувме во текот на повеќе од десет дена расправа, од страна на парламентарното мнозинство, по повод овие изборни вклучувања, беа следните причини: Точно е дека беа немирни, на најблаг начин кажано изборите, меѓутоа вие сте виновни, заради тоа што, сега ќе цитирам неколку изјави, не нервиравте, не иритиравте, водевте жестока кампања, ги дигавте тензиите. Ова да не е трагично, како што излезе, ќе беше смешно.

Господа, ние и овдека се нервираме, барем јас стекнувам таков впечаток по двегодишен мандат во Собранието. Ги дигаме понекогаш тензиите, дебатираме жестоко, меѓутоа, јас во ниеден момент не се запрашав дали тоа може да се одрази на нашата безбедност во Собранието. Меѓутоа, слушајќи ве вас можам и тоа да го поставам како прашање, некој спомна дека се било прашање на акција и реакција. Се согласувам, дека некогаш некој може да биде иритиран и да продуцира понекогаш некоја критична ситуација, меѓутоа, битно е каква била акцијата, ако била, и каква е реакцијата.

Според тоа што го зборуваа од парламентарното мнозинство се сведува дека акцијата била жестока дебата, наводно, а реакцијата била оружје. Јас се согласувам дека никој не се согласува дека тоа било нормално. А веќе кога зборуваме за химни и за тоа како кој реагирал, како кој не реагирал, јас ќе ви кажам што ми се случи мене лично во 1998 година, во една слична таква прилика, во една слична таква отпуштена атмосфера, што некој ми ја пушти токму химната на демократска алтернатива. И не ми беше многу убаво. И јас се опоравував од пораз за време на парламентарните избори. И не ми беше инспирирачка химна. Меѓутоа, точно е дека во ни еден момент не помислив дека јас или некој друг треба да стане и да предизвика тепачка. Тоа е разликата помеѓу власта и опозицијата во оваа држава. Тоа е разликата помеѓу овие партии кои што партиципираат, или требало да понесат одговорност и оние кои што се опозиција во оваа држава. Но, дури и да влеземе во дебатата, која што парламентарното мнозинство сака да ја има. Да дискутираме и да ја анализираме кампањата, па да видиме кој бил жесток. Претпоставувам дека најголем дел од овие колеги, кои што претставуваат различни политички партии, кои постоеја и пред парламентарните избори 1998 година ќе се потсетат и на претходните избори и на парламентарните и на локалните. Па ќе имаат доблест да признаат дека никогаш во оваа држава, во текот на локалните избори, не се зборувало само за локални теми. Потсетете се на 1996 година. Потсетете се кој зборуваше за "канџи и орли". Дали случајно се сеќавате на една изјава, која што ја даде во тоа време претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, г-динот Горѓиевски, а ова со канџите и орлите беше 1996 година, меѓутоа 1996 година ако сме запамтиле една изјава од г-динот Георѓиевски, тоа е дека од утре нема да биде ништо исто. Ние се ќе срушиме. Се надевам дека не мислеше дека ќе ги сруши зградите на постоечките општини.

Да се вратам сега на нашата сегашна кампања. Да видиме како се однесуваа, бидејќи најголем дел од кампањата е одредено од однесувањето и присуството на медиумите. Да видиме како се однесуваа не медиумите, туку оние што се одговорни пред овој Парламент. А тоа се националните медиумски сервиси. Нека каже повторно Извештајот на ОБСЕ. Значи не е опозицијата која постојано се жали, туку ова се *луѓе* кои што беа присутни и набљудуваа. Тој Извештај вели: "Македонската телевизија продолжи да дава екстензивен простор на владините активности, обично со позитивен фонд, со што индиректно ги фаворизираше партиите на власт". Понатаму, преминуваме дури и во област на бројки. МТВ повторно, а забележувате колку пати се повторува ова повторно и дали тоа не треба уште повеќе да не загрижи. "МТВ повторно не ги исполни обврските на јавен радио дифузер. МТВ посвети 52% од информативните програми на владините активности. 22% на покривање на активностите на владеачките партии. Вкупно 74% од времето беше посветено директно или индиректно на партиите на власт. Опозицијата, сосема спротивно доби само 9% од вкупното време".

За "Нова Македонија", сликата не е толку во бројки, меѓутоа станува уште поконтрасна. "Нова Македонија", вели истиот извештај известуваше за опозиционите партии во негативен контекст. Овдека извештајот вели често, а јас би рекла постојано, бидејќи "Нова Македонија" може да издаде собрани дела против СДСМ само од уводниците, која што секојдневно и ги натура на македонската јавност. Бидејќи некој честопати спомнува лаги, клевети и неаргументирани напади, би му препорачала да ги прочита уводниците да сфати што се политички конструкции. Токму поради тоа, бидејќи беа спомнати платенички медиуми, јас би се согласила дека власта и буквално ги плаќа овие

медиуми, за жал, со наши пари, а тие и возвраќаат со вакви многу директни, многу јасни многу транспарентни, многу политички услуги. Ако ги тргнеме на страна медиумите и покривањето од страна на националните сервиси, посебна приказна беа претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, кој што учествуваа во кампањата и лагите и клеветите кои што тие ги користеа. Јас повторно ќе кажам и нема да употребам друг збор лагата е лага, без разлика како се оквалификува. Така се случува и во текот на оваа седница, многу колеги почнуваат со дискусијата зошто опозицијата е толку агресивна. Зошто опозицијата е толку негативна, зошто толку не напаѓа. Потребна ни е љубов, потребна ни е доверба, за на крајот сите да завршат, како по правило дека опозицијата е виновна за се, дека опозицијата е само една група на криминалци, со Швајцарски сметки, иако јас би му препорачала на тој пратеник да излезе на паркингот пред Собрание и да види кој може да има швајцарски сметки, денеска чувме дека сме терористи, дека постојат структури, дека постојат кабинети, постојат тајфи. Можеби постојат, јас незнам. Меѓутоа, вашиот проблем, како пратеници на парламентарното мнозинство е што вие ги имате инструментите во оваа држава, што можат да ги разобличат тие структури, кој што ги пополнуваат тие кабинети, кој што можат и да ги затворат тие криминалци и тие тајфи доколку постојат. Врв на настапите во оваа изборна кампања беа настапите на заменик директорот замислете, на Дирекцијата за контраразузнавање и безбедност. Веќе стана шега да се зборува за тоа дека оваа функција треба да биде неполитичка. Веќе стана шега да се зборува дека на ова место ВМРО-ДПМНЕ донесе свои партиски војник, партиски војник без никакво образование, ниту искуство за сферата на која што работи. Меѓутоа, ако ништо друго, можеше барем во моментот на неговото поставување на тоа работно место, да го измени своето однесување, што не се случи во целиот овој двегодишен изминат период, па не некој начин дотичниот господин се претвори во истурена рака, или истурен меч на некој од првите луѓе во власта. Тој за време на кампањата замислете, одлучи да учествува во кампања, не само да ги користи индиректно настапите во медиумите, туку да настапи во име на политичка партија, што е невиден преседан, кое што не можете да се повикувате дека се случувало и во минатото. Никаде тоа не се случувало Можеби во Србија, меѓутоа не сум сигурна. Тој излезе на митинг и тврдеше јасно и гласно дека СДСМ е партија на криминалци. Фактот што учествуваше на кампањата е доволен сам за себе, меѓутоа тој од позиција на официјално лице, претставник на институција во оваа држава, веќе некого осудува, веќе некого го обвинува и го осудува во исто време за криминал. Како се чувствуваат оние луѓе кои што ќе ја чујат оваа порака. Дури и оние кои што нема да поверуваат дека еден официјален орган може така безочно да лаже, ќе се чувствуваат загрозени, заради тоа што инструментите кои што се користат против опозицијата денеска, може утре да се свртат и се свртија против симпатизерите и поддржувачите на опозицијата.

По сето тоа министерката на една изјава дадена во оваа зграда излезе и кажа дека нема проблем практично со тоа. Дека се работи за мало пречекорување на овластувањето. Ми остана прашањето што ќе беше големо пречекорување на овластувањето. Дали тоа што г-динот спомнат Бошковски се движеше заедно со голем дел од структури, групи, тајфи, како сакате наречете ги и сееше страв низ општините во Македонија. Најверојатно и тоа е мало пречекорување на овластувањата. Но интересно е како еден наш бивш колега, министер во Владата на Република Македонија ги толкуваше и кампањата и резултатите и изборите воопшто. Имено, г-динот Љубен Пауновски денешен министер за одбрана во весникот "Труд", го кажа следното. Често пати ни се случува пораките да ги испраќаат наши министри преку туѓи весници, Собранието по тие теми итн. Заради тоа, јавноста така реагира. Заради тоа, сите сме подложни на подеднаков суд, а тоа дека Собранието не е ефикасно, не одговорно иако не го смениме ние однесувањето, јавноста е должна да го смени однесувањето и мислењето кон нас.

Цела дискусија можеме да ја посветиме на комплекс од прашања, наречени притисоци. Да не се случеа трагедии, како што се случија претпоставувам дека ова ќе беше доволно, за да продуцира слична дебата во Собранието. Веќе го поставив ова прашање, меѓутоа, сакам уште еднаш да се навратам на тоа. Дали ние сме свесни во оваа сала, колку луѓе во текот на кампањата беа преместени на други работни места, колку луѓе можеби ги изгубија своите работни места, или живееја во страв дека ќе ги изгубат. Дали знаете колку луѓе требаше да се појават на митингот на владеачките партии, како дел од работните задачи. Па дури да се потпишат како доказ за тоа дека присуствувале. Дали знаете колку требаше

да гласаат со пенкала со специјална боја, со специјален знак, со специјален симбол, за да гарантираат дека ја исполниле својата во наводници, работна должност. Тоа всушност, го споменувам извештајот на ОБСЕ. Знаете ли колку требаше да се плашат, оние кои што решиле да се појават на митинзите на опозицијата, или недај Боже, оние кој беа претставници на опозицијата во избирачки одбори или кандидати за избори. Затоа, се повеќе и повеќе пристигаат информации, не можат ни да се систематизираат, меѓутоа, точно е дека сите тоа го знаеја. Во изборните материјали се појави такви гласачки ливчиња. Мислите ли дека е случајно тој што гласал со триаголник, или ѕвезда или незнам што.

Кога веќе го спомнувам извештајот на ОБСЕ, ќе кажам нешто што апсолутно ги демантира тезите на парламентарното мнозинство.

Имено, овој извештај вели дека кампањата генерално била мирна. Како да дискутирале за онаа друга кампања од онаа за која вие зборувате. Нивниот извештај вели дека немало никакви чудни, нервозни опозиционери, кои постојано ја иритираат власта. Кои дозволуваат да ја иритираат таа хармонизирана, стабилна Влада. Единствена тензија која што ја забележува овој извештај била, создадена по претепувањето на опозициониот симпатизер во селото Црник од страна на полицаец, како и нападите на домовите на шесте пратеници од новата пратеничка група. Извештајот буквално, откако ги набројува овие два настана вели:"Овие настани создадоа атмосфера на тензија". Внимавајте, не се тоа митинзите на опозицијата, не се тоа ни настапот на лидерот или на незнам кои луѓе од опозицијата, тоа се овие два настана и многу слични такви настани, кои што не се нотирани.

Интересно е што беше спомнато во дискусијата, каде беше г-динот премиер во сето ова. Воглавном г-динот Георгиевски беше низ цела Македонија, отворајќи фабрики кој работат веќе шест месеци, година или повеќе и патишта, кој некој друг веќе претходно ги отворил. И нормално, камен темелници на многу објекти, кои што не се влезени во урбанистички планови и кои што немаат изведбени проекти. Меѓутоа, освен тоа, и според неговите зборови тој не учествуваше во кампањата, бидејќи, по се изгледа и според тоа тој што го кажува, ММФ не го пушта да влегува во кампања и од работните задачи го ослободува исклучиво ако се работи за ексклузивни патувања, по можност во странство. Тој зборуваше ретко во текот на кампањата, што и можам да го разберам, меѓутоа, она што покажа во тие неколку ретки случаи, навистина ја измени кампањата. Јас не мислам дека тоа е случајно.

Најпрвин, откако не му успеаја намерата да ги минимизира локалните избори и на некој начин граѓаните да заборават дека постојат локални избори во Македонија. Тогаш не изненади сите морам да признам и опозицијата и јавноста, со фамозната изјава од 10%. Тој буквално рече: "Доколку се случи коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДА кој настапуваат заедно да имаат 10%, само 10% гласови помалку од коалицијата на опозицијата, јас сум подготвен да прифатам парламентарни избори. И се дообјасни. Јас ќе бидам тој лично, кој ќе предложи предвремени парламентарни избори на 1 октомври во нашата држава".

Кој резултати да сакате да ги земете 509 илјади, наспроти 291 илјада, или оние 437 илјади, наспроти 246 илјади, разликата е огромна. И покрај притисоците и покрај заканите и покрај сите овие настани што претходеа на изборите, што покажува дека ви недостигаат околу 160 илјади гласови, за да дојдете до десетте проценти. Можам ли со неколку одговори или причини, или на г-динот Георгиевски сеуште не му ги соопштиле резултатите од локалните избори, зашто навистина се сомневам, или на неговиот календар сеуште не е дојдено 1 октомври, или повторно математиката му е слаба страна, или, што е најверојатно, ова е една од низата големи лажни предизборни ветувања. Ако 1998 година имавме тешка кампања една милијарда долари, во 2000-та година имаме кампања со лажно ветување тешко 10%. Кога сум веќе кај резултатите, имаше колеги кои рекоа дека она што се случувало во вториот и третиот круг замислете, било поради тоа што опозицијата губела, па морала на некој начин да провоцира нерегуларност, за да го покрие поразот.

Колеги, ако 506 илјади, наспроти 291 илјада давате пораз, јас незнам навистина што е победа. Ако се потсетите и на вашите бројки од 1998 година, или некои други, ќе видите дека се работи не за победа, туку навистина, за значителна победа.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Лагата или ветувањето 10% личи на една претходна по малку минорна изјава на премиерот дадена непосредно пред чинот на гласање, неговиот чин на

гласање дека имаме идеални локални избори. Замислете, идеални. Истите избори во кои самиот после тоа изјави дека ВМРО-ДПМНЕ имало рекетари. Биле помалку од оние на опозицијата, но имале рекетари. Премиерот на оваа држава ангажира за својата партија рекетари и очекува дека ќе имаме идеални избори. Не знам на што повеќе да се чудам. Дали на лошото предвидување или на тоа што транспарентно отворено признава кршење на законот.

Втората изјава на Георгиевски значајна во текот на целата кампања, ако не го сметам она обраќање од висините на Олимп, т.е. наше Кале беше неговиот или сумата на изјави дадена во текот на неговиот настап во стил на Кастро кој говори пред својот народ во тек на час, час и половина на Плоштадот Македонија. Оние кои не успеаја или не можеа да бидат таму имаа казна да го гледаат настапот неколку пати во текот на вечерта. Реприза на националната телевизија. Тој, во текот на овој долг и навистина исцрпувачки настап класично не прогласи за криминалци, сега тој многу нервозно и агресивно, навистина се работеше и за нервоза и за агресија ја нападна опозицијата при што претпоставувам дека се потсети на своите опозициони денови што му недостигаат и се закани или вети можеби дека во игра ќе ги врати "старите методи и стариот јазик" кои очигледно и биле познати на опозицијата. Ова беше единствената изјава која беше вистинита. Единственото ветување кое г. Георгиевски го реализира. Тој, навистина, наместо идеални избори какви што ги спомна во првиот круг, ни приреди избори со некои други методи, дури не и стари, туку навистина други, поинакви од она што сме навикнати. Меѓу другото, затоа г. Љубчо Георгиевски сметам дека има и директна одговорност за она што се случуваше на изборите. Не е случајно тоа дури потоа не изрази некое директно жалење и загриженост од тоа што се случи, тој практично го даде знакот за она што се случуваше во текот на вториот и во текот на она што го нарекуваме третиот круг, тој ја даде било да е наредбата, било да е дозволата, но и двете работи се доволни.

После ваква најава нормално е дека не можевме да имаме нормални избори. На изборите се случи генерално, ако зборуваме за институции, целосно потфрлање на институциите задолжени за спроведување на изборите, оние кои се најодговорни, за организирање на фер и демократски избори. Имено, легендарниот ДИК се прослави не само со своите седници, туку со своите одлуки. Некој спомна дека практично не биле можни неправилности во самата процедура кај ДИК и кај општинските комисии и одбори заради тоа што составот на овие органи бил 50% на позицијата 50% на опозицијата. Прво, тоа не е точно, апсолутно, бројката на претставници на опозицијата и позицијата е подеднаква, меѓутоа, секогаш постои едно Меѓутоа кое ни ја донесе оваа ситуација каква што ја имаме. Имено, во составот на ДИК пресудните гласови ги носат уште неколку други членови за кои често пати сме дискутирале. Имено, после претседателските избори кои од сите беа оценети како лошо организирани во кои сите оценија дека ДИК целосно потфрлила особено нејзиниот претседател, владеачкото мнозинство реши дека тој лош претседател заслужува повторно да биде претседател. И не само тоа. Еден од бившите членови на ДИК потпретседателката која се прослави со изјавата дека не е таму да го гледа фалсификатот, односно да го открие фалсификатот, таа беше наградена со престижното место член на Републички судски совет, меѓутоа, интересно е што на нејзино место дојде повторно судија од Врховниот суд, меѓутоа, тоа беше единствениот судија кој во последен момент беше кооптиран како член судија на Врховен суд. Дали е тоа случајно?

Тука сакам само да изјавам дека не можеме да зборуваме што ќе правиме понатаму, некој колега кажа дека практично и не е можно независно судство, заради тоа што оние кои некој ги бира секогаш мора да му бидат лојални. Не знам дали воопшто да ја коментираме таа изјава заради тоа што однапред се согласуваме дека во ниедна држава нема независно судство, заради тоа што во секој случај некој некого бира. Не можеме некој сам по себе да се роди како судија, меѓутоа сега се согласувам дека сега е тешко да се зборува за независно судство, затоа што во највисоката институција во државата нејзин член кажа, дека партиски општински комитет треба и издал мислење за подобноста на некои судии. Навистина пораката која ја испрати ова Собрание, дека независноста на судството е фикција, за жал. Меѓутоа, не беше само ДИК единствена институција која не одговори на задачата, можеби

уште повеќе не зачудуваше вечно отсутната или недостапна во најголем број случаи МВР која се појавуваше секогаш на местото на настанот, меѓутоа доцна, или доволно доцна за да дојде кога веќе се е завршено.

Фактот дека сторителите на бројните напади, пазете, и убиства беа најпрвин непознати само за МВР додека сите други ги имаа информациите, сите жители на дадените места, сите луѓе кои биле вклучени во изборниот процес и сведочеа за тоа, а потоа кога веќе мораа да ги идентификуваат тие сторители, тогаш веќе заборавија да ги најдат, покажува дека МВР не беше ставено во функција да го спречи насилството, не беше ставено во функција да ги спречи нерегуларностите, туку напротив да ги овозможи или олесни.

Јас мислев дека за некои конкретни примери нема да треба да зборуваме, мислев за Струмица, навистина тешко ќе се каже нешто ново, меѓутоа, по се изгледа портпаролот на тој општински комитет на ВМРО-ДПМНЕ навистина ме демантира со своите изјави и тој како и некои други ми потврдија дека честопати зборовите можат да се користат не за да ги прикажат информациите, за да ги прикажат фактите, туку да ги прикријат тие факти. Заради тоа јас би сакала накратко да се осврнам на она што се случуваше на тој ден во Струмица.

Некој постави прашање дали имаше пукање. Замислете владеачката партија и институциите во државата можеби не знаат дали имало или немало пукање, не знаат дали имало или немало повредени, меѓутоа, знаат кој произведувал безбол - палки. Ако немало пукања, а оној кој сакаше да види дали има или нема пукање, беше доволно да погледне неколку видео касети па да види дека имало и тоа како, требаше токму членовите, симпатизерите, раководството на ВМРО-ДПМНЕ во Струмица, да го информира МВР да не ги праќа полицајците во панцири. заради тоа што се сигурни и безбедни, нема зошто, доколку нема куршуми, доколку нема пукање, зошто само тие беа кои требаа да се заштитат додека сите останати граѓани, симпатизери мораа да го прифатат насилието како дел од нормален изборен амбиент.

Имаше голем број на фотографии кои беа презентирани на оваа говорница, а кои колегата не сакал да ги погледне. Ако истиот колега не знаеше дека некои новинари биле нападнати, повторно можеше да се обрати на овој извештај на ОБСЕ, кој често пати го споменувам кој вели дека на новинари во Струмица им е вршен притисок и се оневозможувани да си ја вршат својата работа. Значи некој веќе тоа го кажал. Истиот колега спомна дека, полицијата реагирала заради тоа што станарите ги вознемирувале тие наводни блокади со автомобили. Меѓутоа, интересно е дека тие станари изгледа не биле вознемирени од неидентификуваните автомобили кои доминираа во Струмица тој ден. Неидентификувани автомобили кои се видоа на сите снимки, кои ги прикажаа телевизиските станици.

Според тој колега ВМРО-ДПМНЕ и неговите членови ја бранеле демократијата. Остана само не одговорено прашањето, со што ја бранеле демократијата? Дали нашата македонска демократија ја бранеа тие неидентификувани автомобили или ја бранеше обезбедувањето на Борис Трајковски. Само тоа не го одговори.

Заклучокот кој го даде тој колега беше дека се е тоа така заради тоа што СДСМ водела пропагандна војна. Колеги, можеме да дискутираме за тоа, но факт е дека ВМРО-ДПМНЕ таму водеше вооружена војна, па сега мерете каква била акцијата, каква била реакцијата, и дали таа реакција оправдала таква евентуална акција.

Што се однесува до Охрид исто сосема накусо интересно беше како сите претставници на парламентарното мнозинство по секоја цена се трудеа и успеваа да не го спомнат вториот круг, да не ја спомнат ова што вие сега велите, причината заради која дојде до насилие и причината заради која дојде до третиот изборен круг. Одговорот е токму такво насилие предизвика дополнителни кругови во Охрид. Токму такво насилие од исти луѓе кои влегоа со оружје, замислете, во изборно место и ги присилија членовите на изборните органи кои се дел од институциите во оваа држава да потпишат фалсификувани извештаи. Дали се изненадувате кога ќе слушнете дека тие извештаи биле во полза на парламентарното мнозинство? Дали сметате дека некој од опозицијата ќе влезе внатре и ќе каже потпишете извештај, ама така да победи власта.

Интересно е и значајно во анализата која ќе ја правите или правиме за Охрид, е каде беа тие луѓе меѓу двата изборни круга. Според МВР, класично тие

беа недостапни, да не зборувам дека сите ги виделе и во Охрид и пред изборите и за време на паузата од две недели. Меѓутоа, тие луѓе не беа достапни на денот на прегласувањето. Тие луѓе беа токму на местото на злочинот за да уште еднаш го направат по втор пат. Дали се прашувате зошто или како дојде до тоа откако се открија фалсификувани неизбирачки легитимации, кога лични карти, пазете фалсификувани лични карти, каде стои фотографија која одговара на личноста која ја носи личната карта, меѓутоа, таа не е личноста на чие име е издадена таа лична карта. Дали се прашавте кој може да издаде; такви фалсификувани лични карти (од место се слушна СДСМ) најверојатно СДСМ, еве слушам еден колега. Дали некој друг освен институциите во оваа држава тоа може така лесно да го направи.

(Галама во салата, па говорникот бара тишина).

Ако ми дозволите потпретседателе, меѓутоа, и ако некој има сомнежи дали бил некој друг или Министерството, опозицијата или позицијата, дали си давате одговор на прашањето како тоа се случи токму тогаш полицаецот кој ги подигнал тие фалсификувани лични карти да ги изгуби пазете, во гужвата од избирачкото место до полицијата во Охрид, токму тогаш да ги изгуби тие лични карти. Многу, многу случајности, за да бидат навистина такви.

Клучното прашање кое се обидувавме да го наметнеме во текот на дискусијата во првите неколку дена е, каде се оние кои извршија обиди за убиство. Каде се оние кои се обидоа и за среќа во тој момент не успеаја. Каде се оние кои претходно на друго место извршија убиство. Дали се повторно недостапни, дали се во некој општински штаб, или се преку граница, како што сите велат. Тие криминалци, прашуваше еден колега, кои криминалци треба да се испорачаат, тие криминалци треба да се испорачаат на правдата, оние кои пукаа за да убијат и кои речиси убија.

Меѓутоа, ако ги споменувам Струмица и Охрид, не можам а да не спомнам настани кои се случија во непосредна близина на објектот во кој денеска работиме, а тоа се настаните кои се случуваа во општините "Центар" и Гази Баба".

Внимавајте, во Гази Баба, пред очите, не само набљудувач на ОБСЕ, туку амбасадорот на постојаната мисија на ОБСЕ во РМ, се случи претседателот на избирачкиот одбор, значи тоа е оној кој ја прави разликата помеѓу позицијата и опозицијата 50% спрема 50%, но не е токму така, има некој кој ја носи одлуката. Е, тој кој би требало да биде независен, тој кој би требало да биде објективен, во ситуација кога го видел скорот, а тоа биле повеќе ливчиња за опозицијата, одлучил сосема мирно и за среќа без инциденти едноставно да ги земе ливчињата и да ги искине. Не се грижел за рејтингот на државата, не се грижел за имиџот на државата, не се грижел за тоа што ќе помисли ОБСЕ или нејзиниот амбасадор.

Меѓутоа, тоа беше само вовед во она што се случуваше во двете општини. Имено, каде биле нашите набљудувачи некој праша. Нашите набљудувачи беа присутни, меѓутоа, само до моментот до кога тоа им беше дозволено. Во најголем број случаи, особено во општина Центар, тие бие избркани, некаде околу 18,00 часот, а некои и порано. Сега внимавајте до 18,00 часот според информациите кои ги објави и Македонската телевизија, на едно место имало одзив од 20% на пример 2.893 избирачко место. Значи, до 18,00 часот 20%, а на крајот на гласањето, значи еден час потоа над 85%. Ако направите многу едноставна математика, ќе видите дека за еден час успеале да гласаат дури 2.015 гласачи, и повеќе од тоа. За една минута успеале 33, на секои 2 секунди некој успевал да им дава гласачко ливче, тие да заокружат и да го стават во кутијата. Кој тоа технички и практично ќе го изведе, ќе добие и мое извинување дека грешно сум ги презентирала податоците.

Не случајно во овој круг, во кој се случија вакви чудни промени на бројките Коалицијата за промени на бројките изгледа од 625 гласа, во првиот круг, успеа да добие замислете 13.250 гласови. Не изгледа чудно? Не изгледа премногу случајно, за да биде вистинито? Меѓутоа, откако ги спомнав овие конкретни примери, сакам да спомнам една теза која беше пласирана овде, а тоа е да, имаше нерегуларности, ама тие нерегуларности не беа на цела територија на РМ. Јас би сакала тој колега кој ова го кажа да излезе и да ни каже колку проценти од избирачките места и општините треба да имаат проблеми и нерегуларности за да видиме дека имаме проблем. Колку луѓе треба да бидат повредени, не дај Боже убиени, за да

лоцираме одговорност. Колку? Дали во сите општини требаше ова да се случи или требаше како што дискутиравме со еден колега во Гази Баба да се плашам да одам на кампања, и кога сум се вратила жива и здрава, да бидам среќна, само за тоа, и да не се интересирам за ништо друго.

Ако направиме резиме на изборите, ако се обидеме да вообличиме некој заклучок ќе кажеме дека на РМ и се случија избори во кои беше погазен и Уставот и законите. Беа прекршени многу членови на Уставот, почнувајќи од членот 2 кој вели дека власта се остварува преку демократски избрани претставници, јас не знам какви ќе бидат сега овие избрани претставници, преку членот 9 кој вели дека граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од политичко уверување, што никако не успева да допре до свеста на оваа власт, преку членот 16, кој вели, дека граѓаните имаат право на слобода на уверување, совест, мисла и јавно изразување на мислата дури и во кампања, дури и ако тоа го прават жестоко. Слобода на говор, јавен настап, јавно информирање, слободен пристап кон информациите итн. Сето тоа беше погазено, сето тоа беше заборевено и сето тоа по се изгледа сакате да биде амнестирано и од страна на Собранието.

На РМ и се случија и локални избори, кои добија најлоши можни оценки од независноста на Македонија до денеска, во поглед на изведувањето на изборите од страна на сите странски мисии. Избори кои РМ ја обележаа со црна точка во регионот како земја во која се спроведени најлоши избори во текот на оваа година во која во сите земји се организираше некој тип на избори. Албанија направи прогрес, во Југославија се случија избори, во Хрватска, во БиХ, секаде се случија или ќе се случат избори, а најцрната дамка во регионот ја направи РМ. РМ и нејзините граѓани на крајот добија и градоначалници или ќе добијат, бидејќи се уште не е завршено кои имаат или ќе имаат мандат без легитимитет. Градоначалници кои незнам како ќе бидат градоначалници на граѓаните, со кој углед, со кој кредибилитет, со која позитивна енергија на самиот почеток на нивната кампања, со каков однос или очекувања од граѓаните.

Меѓутоа, клучното прашање кое доминира во Собранието, со право, не е само што се случи, бидејќи и за тоа имаме разлики, но генерално сите велиме дека не и се случи добро на Македонија, сепак е кој ја носи одговорноста за сето ова, кој е одговорен? Една теза која ја слушавме и за која дискутиравме дека опозицијата целосно е одговорна за се, дури се оди и понатаму, значи не е само тоа. Дека опозицијата е виновна за тоа што власта била во афект и сега продолжува да биде виновна, заради тоа што зборува отворено за проблемите кои ни се случија, па заради тоа, според некои пратеници, со ваквите дискусии ќе го нарушиме имиџот на нашата држава и ќе ги нарушиме нашите шанси за Евро - атлантска интеграција.

Прво, јас не знам оние кои тоа го зборуваат како можат да поверуваат, дека ние во Македонија можеме да продаваме некои “Потемкинови села". Дали некој мисли дека Македонија е изолирана, дека никој не гледа што се случува и дека ако ние тоа не и го соопштиме на меѓународната јавност, дека тие нема да знаат за тоа. Знаете, овие извештаи, тоа нашиот претставник во таа организација го спомна, овие извештаи одат на некое место и се читаат од некои одговорни луѓе. Овие извештаи значат сериозни обвинувања за сметка на оваа држава. Дури и да не ги спомнуваме во Собранието тие ќе дојдат на вистинската адреса. Дури слушаме и понатаму дека опозицијата е задоволна со тоа што се уништуваат шансите на Македонија или некој вели дека со тоа ќе се уништат шансите за Македонија, за влез во Европската Унија.

Најпрвин би сакала да ве прашам, зарем мислите дека некој во опозицијата кој е граѓанин на оваа држава е задоволен кога ќе чуе дека Република Македонија полека но сигурно го губи чекорот. Кога ќе чуе вакви забелешки за својата држава, кога ќе присуствува на конференции на кои ќе се кажуваат работи кои се својствени за некои земји кои сме сметале дека се наоѓаат само во Африка, Азија. Сметате ли дека е тоа некое задоволство кое може да не исполни? Зарем не сметате дека ние зависиме од тоа како Република Македонија ќе се приближува кон Евро - атлантските интеграции. Дури и повеќе. Се вели дека ваквата дискусија всушност го нарушува или го загрозува државниот интерес на оваа земја. Се сложувам, тука имаме сериозен идеолошки, политички или било каков проблем односно разлика. Што мислите? Кој е прв државен интерес на оваа земја?

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Дали е тоа да има демократија или е тоа да има договор. Одговорот просто не можеш да го дадеш. Ако во Македонија нема демократија, не може да има ни договор. Ако во Македонија се повеќе и повеќе сме загрижени за нивото на демократија, не можеме ние да пратиме сигнал дека Македонија е спремна да влезе во Европската Унија. Затоа, не е прашањето дали договор или демократија, туку како таа демократија да не продолжиме да ја загрозуваме.

Инаку, Република Македонија ќе го потпише договорот за стабилизација или асоцијација, неколку пати тоа го повторуваме. Значи, ќе го потпише најверојатно договорот кој што ќе значи не решавања на сите проблеми, не некој рецепт ала Тајван, туку напротив ќе значи нови обврски. И се додека ние не ги исполнуваме обврските, дури и тие што сме ги презеле досега, се дотогаш ние нема да мрднеме подалеку од тоа.

Бидејќи веќе сме кај договорот, ќе го поставам следното прашање.

Нека стана овде и нека каже тој што знае кој и понудил на опозицијата и во кое својство да учествува во процесот на преговори со Европската Унија, на кој начин, со кој предлог, дали таков предлог постоел и дали тоа било вистинска порака до опозицијата.

Кога сме веќе кон тоа кој како работи околу овој процес, само ќе спомнам дека и опозицијата како и парламентарното мнозинство учествуваат во една институционализирана формализирана соработка со Европската унија, поточно Европскиот Парламент. Тоа е групата за соработка со Европскиот Парламент, тоа е Комисијата за Евро - атлантски интеграции. Таму е местото каде што секој може да каже и да придонесе и таму, верувајте дека опозицијата не само што е присутна, туку понекогаш и доминира. Заради тоа не мислам дека е толку добро некогаш да се знаат сите одговори.

Следниот одговор кој се даваше по кампањата и на оваа седница на Собранието е дека имавме проблеми и сите сме подеднакво виновни за тоа што ни се случи. Ајде да ја поделиме одговорноста како во старите добри времиња и да продолжиме понатаму. Јас лично навистина имам голем проблем со ваквата теза од неколку причини. Еве по незнам кој пат да кажам што вели извештајот на ОБСЕ:

Извештајот на ОБСЕ вели дека мисијата негова ја изразува својата загриженост заради инцидентите, кои што се случија во првиот круг, тоа беше првиот извештај и ја повикува Владата, Владата а не опозицијата не СДСМ, не опозиционата коалиција туку Владата веднаш и постепено да ги испита овие груби кршења на изборниот закон поврзани со локалните избори. Тие знаат на кого да ги адресираат поплаките. Тие знаат на кого да ги адресираат можеби и обвинувањата. Владата, а не опозицијата.

Ако влеземе сега во таа теза дека сите сме подеднакво виновни тогаш на мене ми се поставува прашањето зошто на секои четири години, со одредена динамика имаме избори во оваа држава, или парламентарните избори служат власта да добие министри, а опозицијата да добие подеднаква одговорност како и власа. Значи Владата според оваа логика се бира за да носи само привилегии, а одговорноста да ја делиме подеднакво. Се извинувам, ама во оваа сала немаме сите подеднаква позиција. Владата се бира за таа да ја поднесе главната одговорност во државата. Опозицијата може да помогне, може и да одмогне. Меѓутоа, одговорноста за она што се случува, избирачките места, целата изборна процедура е првенствено одговорност на Владата. Власта не може да биде само функции, привилегии. Јас како некогаш мора да биде и барање на одговори на одредени прашања. Затоа од страна на опозициониот дел во Собранието, често пати повторуваме во ова Собрание и сме апелирале до вас, дека секој одлука која ја носите, без разлика дали е на предлог на Владата, без разлика дали е интерес предлог на Собранието секоја одговорност дури која што и ја доделувате на власта на крајот на краиштата во ваша лична одговорност, ваша одговорност како парламентарно мнозинство и во таа ситуација никој не може да биде амнестиран. Секој оној кој што со својот глас ги поддржуваше таквите одлуки на власта, кои што доведоа до таква ситуација, има одговорност, барем досега.

Морам да признам дека го ценам фактот, особено што еден од владините партнери реши отворено да проговори за овие проблеми. И на неколку пати ги нарече со вистинското име, а тоа беше во една прилика ерозија на демократијата, во друга прилика недемократски избори. Значи партнери, луѓе кои што учествуваат во власта кажаа дека Република Македонија доби недемократски избори. Тоа е мислам вистинскиот чекор, меѓутоа, тоа само првиот

чекор. Тука навистина би сакал да потенцирам следното.

Се додека не сме подготвени од вакви декларации, декларативни забелешки, декларативни тези, да поминеме и на политичка акција која што во случајот мора да значи одговорност, мора да значи интерпелација мора да значи профункционирање на политички и институционални механизми, се дотогаш тоа не е доволно и таа одговорност ќе падне повторно на оние дури што и декларативно се изјасниле против овие настани. Тие зборувале, меѓутоа не делувале и тоа не е доволно. Токму заради тоа јас имам некоја скепса во поглед на неколку предлози што беа истакнати овде, а кој што ги ценам како прилог во нашата дискусија. Еден од нив беше дека се ќе се реши или дел од проблемот ќе се реши ако го промениме изборниот систем.

За жал, без разлика дали на некого му се допаѓа или не овој изборен систем, јасно е дека целата изборна регулатива е добра само доколку се почитува. Ние можеме да ги примениме сите можни во светот изборни регулативи, изборни системи, изборни закони, меѓутоа ако институциите на власта се тие кои што ќе решат да ги погазат тие избори, никогаш нема да имаме фер и демократски избори. Кодексот на однесување кој што беше споменат како можност, ние веќе го имаме. Ние имаме закони кои пропишува, донесување кое е прифатливо и кое што се бара за време и на изборната кампања и за време на изборите. Тие закони ние не смееме да ги заборавиме и сега да се обидеме да ги надоместите со некои дополнителни регулативи.

Што повеќе регулирате се повеќе хаотична ситуација создавате. На крајот на краиштата апсолутно не се согласувам, дека во Македонија нешто може да се реши ако имаме кодекс на однесување на лидерите или некој фамозен договор меѓу нив, заради тоа што во оваа држава, сакам да мислам дека има институции кои што функционираат и има политички фактори кои што ги чуваат. Исто како што не мислам дека ВМРО-ДПМНЕ е еквивалентна со Љупчо Георгиевски, не сакам да мислам дека СДСМ е еквивалентна на Бранко Црвенковски, ниту пак можеме да ги сведеме таквите тези на прашање на односи помеѓу двајцата лидери. Тие двајца лидери и останатите кои што, еве колегата претходно не ги спомна, како што значи и потпретседателот на Владата г-динот Тупурковски, исто така не може да се сведе на Демократската алтернатива. Сите тие се дел од политичкиот живот. Меѓутоа, тие не се единствени. Тие го немаат на крајот на краиштата правото да одлучуваат во име на сите нас. Овде секој има одговорност, сите фактори, сите партии, сите институции и како такви треба да ги решаваме проблемите. Наместо тоа да ги залажуваме граѓаните, дека доколку некој седне и испие кафе, дека сето тоа ќе помине, не се согласувам. Мој личен став е дека тоа не поминува, како што не сакав државата да ми се скицира според тоа како трите лидери и каде пијат кафе, така не сакам ни помеѓу опозицијата и позицијата разговорот да се симплифицира на разговор помеѓу двајца тројца пет па дури ни десет луѓе.

На крајот неколку дискусии, неколку колеги имаат дилема, јас ја делев оваа дилема, дали ова работа на Собранието вреди. Дали таа може нешто, на крајот на краиштата да измени во Република Македонија. Морам да кажам дека не сум сигурна, меѓутоа, морам да кажам дека тоа е единственото нешто на што можам да се надевам. Знам само дека ако не се зборува тогаш проблемот сигурно нема да се реши. Се надевам заради тоа што не сакам да живеам во држава во која што изборите не се шанса за граѓаните, туку се опасност за граѓаните, и тоа директна, па дури и животна. Се надевам заради тоа што на крајот на краиштата и немам друга опција. Се надевам, заради тоа што мислам дека ова објаснување, дебатираше апелирање до сите оние кои што можат да ја изменат ситуацијата, бидејќи и во оваа сила не сме сите еднакви, на крајот на краиштата, можеби може нешто да промени, заради тоа што мислам дека секој од нас одговорноста ќе ја понесе, на крајот на краиштата. Токму поради тоа и се обидува и во текот на репликите што ги имавме да прашам што се треба да се случи во оваа држава за Собранието, парламентарното мнозинство, власта, да излезе од овој лош сон. Дали сеуште не сфаќаме, дали сеуште не сфаќате во каква држава живееме, што и се случува на таа држава. Дали сеуште не сфаќаме во каква држава се претвара Република Македонија. Дали секој од нас поединечно не чувствуваме одговорност, дали немаме барем минимум колебање во она што денес, вчера, завчера го правиме. Дали тоа што и се случува на Македонија, не чувствуваме дека ни се случува и на секој од нас поединечно. И на крајот на краиштата дали сметате дека фактот што вие сте на власт е доволен за да го оправда фактот, дека РМ се претвара во недемократска, тоталитарна

или како сакате, држава. Каде ќе ја поставиме границата. Кога ќе кажеме дека ова што се случува е доволно и премногу. Колегите од парламентарното мнозинство во најголем дел од нив не реагираше кога ги менуваа вработените во јавната администрација, на самиот почеток во 1999 година, бидејќи сметавте дека тие се од оние другите. Не реагиравте ни кога ги обвинуваа, априори, сите бивши министри за криминал, дури и се придруживте на линчот, заради тоа што тоа ви беа противници. И вие сметате дека тоа е во ред. Не реагирате дури ни тогаш кога ги обвинија вашите бивши колеги, ги нападнаа вашите бивши колеги пратеници или министри, оние за кои и вие некогаш сте гласале и сте им ја дале својата доверба на нив, заради тоа што тие за вас беа новите противници, новите по се изгледа непријатели. Не реагиравте барем во оној прв момент, бидејќи тогаш можевте, кога човечките жртви станаа цена за градоначалнички или советнички мандати, бидејќи, по се изгледа сметавте дека се тоа деца блиски и сакани на оние другите, значи на непријателите. Меѓутоа, дали некогаш си го поставувате прашањето што ќе се случи ако вие ја промените сопствената улога, ако наеднаш вие се доведете во ситуација на условно, политички жртви. Дали не се сеќавате на безброј историски примери во кои што бившите џелати стануваат жртви на своите довчерашни колеги и дали, ако не веќе општиот интерес, не ве загрижува тоа. Заради тоа сакам да завршам со зборовите на еден Германец, кој во текот на Втората светска војна ја избрал вашата страна, страната на неми набљудувачи.

Вели: "Кога дојдоа по хомосексуалците не се вознемирував, бидејќи не бев еден од нив, тоа не ме засегаше. Кога дојдоа по комунистите молчев, бидејќи не бев ниту еден од нив. Кога дојдоа по евреите повторно молчев, бидејќи не бев евреин. И заради тоа кога еден ден дојдоа по мене, веќе немаше кој да реагира, беше апсолутен молк".

Македонија, по се изгледа, она што се случува тоа ни го потврдува, за среќа сеуште има гласови, се уште не се претвара како држава во нем набљудувач. Меѓутоа, овој Парламент морам да признам дека станува срамно тих, барем за оние вистинските теми, а срамно гласен за оние кои практично и не се политички теми. Заради тоа би предложила нешто друго.

Би предложила наместо ваквите предлози кои ќе ни дадат привид дека се е во ред, вие да го искористите вашето право на глас. Вие можевте да го искористите вашето право на глас, вашето право на дилема, вашето право на дискусија и веднаш после локалните избори и настаните кои ги одбележаа. Можевте тогаш и вие требаше да бидете тие кои ќе барате ова Собрание да заседава. Вие требаше да бидете тие кои што ќе инсистираат сите тие работи да се санкционираат. Тоа го пропуштивте и таа шанса, за среќа се создаде дури потоа, со долго и макотрпно инсистирање на опозицијата. Меѓутоа, се уште не е изгубена шансата и сеуште вашите гласови се значајни. Заради тоа јас би апелирала дека ова Собрание мора да најде сила да биде гласно за тие теми, треба да најде сила да бара одговорност, треба да најде сила да го дигне гласот заради тоа што опозиционите гласови апсолутно не се доволни. И заради тоа одговорноста и по шест месеци и по една година, и по две години нема да биде иста. Вашата ќе биде поголема. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам пауза до 16,30 часот.

(По пауза).

Седницата продолжи со работа во 16,40 часот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги.

Самиот факт што беше најавено и се одржува една по мене вонредна седница поради тоа што имаше случувања на овие локални избори кои бараат да се одржува ваква седница денес на паузата ме праша еден мој колега што си замислен? Му велам имам проблеми. Кои се тие проблеми, тешко е некако да се чувствуваш демократ овие денови или после овие таканаречени локални избори.

Ние имаме три информации за кои расправаме со денови. Едната информација е од ПДП, т.е. парламентарната група на ПДП, една од СДСМ и една информација од ВМРО-ВМРО. Кога би кажале сите за нашите информации кои ги поднесовме тука и се зборуваше тука секогаш има резерви во другата пратеничка група или во позицијата, но јас ќе се послужам со нешто друго, со една друга информација 3+1, а

тоа е информацијата од Министерството за внатрешни работи.

Откако ја прочитав таа информација и ги броев сите тие пасуси кои што се наброени многу, многу инциденти со едно брзо броење таму забележав дека на овие "локални избори" за ПДП се случиле не помалку од 50 и нешто инциденти. Тие инциденти и полесни и потешки затоа што имаме и загинат во Кондово. И мораш после една ваква информација и после сите овие информации да заклучиш дека западниот дел на Република Македонија немаше избори, а ако сака некој да бидам до некаде попустлив ќе кажам, имаше ама сосема малку. Зошто велам вака. Затоа што на 10 септември се јуришаше на изборните места некаде на пладне. Кршење на кутии, со платеници да се полнат кутии. Тој ден имало доста поткупени, подмитени и после тоа се разбира и многу тепани и многу ранети и загинат. И ПДП се повлекува, политичка одлука донесува се повлекува од избори. Дилемите и кај нас беа - зошто, дали да се повлекуваме во вториот круг или не. Се консултиравме, имаше дилеми дали е добро и колку губиме, меѓутоа дојдовме до една ситуација да кажеме ајде овој пат, или уште овој пат ПДП нека инвестира во Република Македонија само толку за да имаме барем наредни фер и демократски слободни избори. По цена на тоа дека ќе ги изгубиме сите локални единици во Република Македонија. Кои беа ангажирани?

Добро е што во Република Македонија има агенции за обезбедување на имоти и лица. Веројатно тие имаат и некоја регулатива за нивното однесување, меѓутоа да се ставaт на располагање со плаќање за кое не се знае колку да полнат кутии и да манифестираат насилие тоа веќе е најлошото што може да му се случи на едно општество, на една држава, затоа што и ако зборуваме со почит кон тие развиени момци тогаш најдоброто за државата е нивната енергија и нивната физичка способност да се стави во функција таму каде што им е местото. Можеби во некои специјални единици на државата или во некои места каде што ќе одговараат на одредена институција, а не да се расфрлуваат како групи, а по нив веројатно и други и да прават што сакаат, како сакаат и да ги командуваат луѓе кои не знаат и кога и треба, колку треба и каде завршува таа субординација.

Јас имав прилика овие денови да бидам надвор и во меѓувреме го сретнав господинот Казагранд кој беше набљудувач од Советот на Европа, односно од Стендикомитис за човекови права и локални избори, а воедно и локална самоуправа. Го прашав, ве молам дајте ми еден одговор. Дали ние како ПДП постапивме добро што се повлековме од овие таканаречени локални избори. Неговиот одговор беше бев таму, видов што видов, видов ситуации за кои ни во сон не сум мислел дека може да се случуваат. Дури на едно избирачко место вели некој кој беше многу дрзок кон мојата преведувачка, рече што бара овој човек тука. Па, овој е од Советот на Европа, а тој возврати - а од која политичка партија е во Советот на Европа? Значи, до таму ја доведовме работата.

Зошто се случуваше вакво нешто? Кои беа мотивациите, каква ни беше изборната кампања. Во албанскиот политички блок слушавме во предизборната кампања еден вокабулар со толку тешки квалификации, со толку ниски квалификации, еден јазик кој како да доаѓаше од некоја отровна змија, ние велиме зехер, и кој не е со нас беше кажано неколку пати, за нив линч, треба да ги снема. Тоа беше многу тешко и да се слушне и да се гледа. Иако понекогаш сакам да го почитувам тоа, во една прилика кога реков од големиот Емил Зола, човекот има две уши една уста, со две уши да слуша многу, а со една помалку да зборува. Дури беше и најавен жешкиот ден 10 септември недела. Требаше да се најдат присебни луѓе, тој жежок ден некако да се олади, да се најде начин да се избегне. Фала на господа што во ПДП има такви луѓе и тоа подоста ги има, но имам смелост да кажам дека и во мојата партија има и такви кои сакаат да враќаат со иста жештина, но многу многу се помалку и се поединци во однос на многу многу повеќе во другата конкурентна партија, во овој наш албански плурализам.

Веројатно очекувате да се постави и прашањето каква беше кампањата во македонскиот политички блок. Се правеше така што да има мотивација со една возвишена цел. И слушаме од двете страни, од опозицијата и од позицијата. Возвишената цел е да се чува државата, да се сочува државата. Кога зборуваш со колеги од опозицијата навистина и на тие слободни разговори велат ни отиде државата. Кога зборуваш со доста умерени и добри колеги исто така и од ВМРО -ДПМНЕ и ВМРО-ВМРО истото го велат - ќе ни отиде државата. Но, што е одговорот, односно каде се потпира одговорот. Ако останат овие на власт ќе ни отиде државата, ако дојдат тие па овие другите велат исто така ќе ни отиде државата. И кога има ваков разговор

и тој разговор се простира во масата, односно кај граѓаните, народот тогаш таму добива уште повеќе мотивација, дури и се кажува веројатно денес или кога треба да се гине за оваа држава, затоа што сепак ние тука со нашиот парламентаризам можеме и вака да разговараме, меѓутоа можеме и да пиеме кафе и со пратеници од ПДП и од ДПА, пратеници од СДСМ и од ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО-ВМРО, меѓутоа сето тоа кога стигнува како квалификација, како мотивација наша кај тој што е обичен наш симпатизер или член кај него веќе не дозволува неговиот политички рејтинг или политички вокабулар, политичкото достигнување дека може и понатаму. Јас кажував еднаш еден пример, случајно, се извинувам што по име ќе го кажам се сретнавме после некои избори со господинот Фатмир Етеми, пратеник од ДПА. Некаде на улица. Здраво, здраво, како сте итн. Еден човек што беше со него, милитант, обичен член на ДПА од страна гледа намрштен и вели зарем е можно овој од ПДП овој од ДПА, па овие комуницираат, зборуваат меѓу-себе, а ние таму ќе се утепаме. Веројатно така размислува човекот. И од таа преголема мотивација за преголеми цели, а на локални избори најде начин, го доби епилогот најдобар, најдобар на жалост со жртва во Кондово и во Охрид. Зошто? Во Кондово веројатно мотивацијата била дотаму, дека тука паѓа и се брани албанската кауза, за локални избори за еден градоначалник. Или во Охрид тука паѓа и се брани некоја столица или престолнина. Значи, тие се преголеми, возвишени цели на локални избори кои се слушаат и ги кажуваме меѓу себе.

И после тоа настапот ова е референдум и на стапот 10% ако опозицијата земе тогаш ќе објавам вонредни избори. Ова е исто така плус мотивација од двете страни. И нормално тогаш доаѓа, во меѓувреме се случува односно пред тоа премин на шест пратеници од најголемата партија во Собранието, со најмногу пратеници, шест пратеници преминуваат во друга ВМРО-ВМРО.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

И тука веќе почнува тремата за ирационално однесување, дека сега веќе е многу тешко, ако се губат локалните избори над 10%, ни се случи осипување на пратеничката група односно на пратениците, сега преостанува што? Да ни оди и Владата односно власта. И тогаш веќе се создаваат ситуации, каде што 10 септември со затишје пред бура се чека тој петок и сабота пред 10 септември. И што станува со институциите кои треба да ги спроведат изборите, да помогнат, институции на државата итн. Државната изборна комисија како што ја гледавме почнувајќи од првиот човек анемичен, анемична до крај. За малку да се случеа и избори во самата Државна изборна комисија. Наместо да ги спроведе, да ги следи итн. Во Министерството за внатрешни работи веќе подолго време, а и сега ни се случуваат уште плус едно, две, три други министерства за внатрешни работи. Затоа што ни излегуваат работите од контрола и понекогаш се прави нешто што на крајот завршува со едно извинување, или со алиби дека стари, нови структури, итн.

Ќе го илустрирам примерот Арачиново гледате како оди, мислам случајот Арачиново и убиствата. Пред некој ден се случи еден упад кај градоначалникот досегашен на Арачиново. И веќе кога треба да се разјаснуваат работите, тогаш структура за структура зборуваат. Што значи дека се наоѓаме во една ситуација кога не можеш да кажеш кој е и што во едно Министерство за внатрешни работи. Министерството за правда, кое исто така е меѓу институциите одговорно за спроведување на избори, таму имаш и Министерство за правда и Министерство за неправда, во иста институција ама две квалификации вакви можеш и треба да ги дадеш затоа што такво нешто и се случува. А што ни се случува овие денови и после вториот, третиот, прегласување итн. Седнуваат луѓето без конкуренција на вториот круг на избори, ќе седне и ќе им се обрати на советниците и ќе рече: Од денеска јас сум градоначалник и со тоа што им благодарам на граѓаните што ми ја дадоа довербата. Верувајте во тие прилики на тој втор круг некаде не се случуваше ниту по сто луѓе да излезат, а некаде ништо, меѓутоа каде излегоа и по 100 луѓе, односно гласачи, на крајот 4000 гласови и "благодарам на граѓаните што ми ја дадоа довербата". Мислам таков вокабулар слушам. И мораме да се прашаме почитувани колеги мораме да се прашаме што понатаму? Ни се случи ова, дали треба да продолжиме вака. Признаваме или не признаваме и позиција и опозиција едно мора да се рече дека ние имавме нерегуларни избори. Ако не го кажуваме ние ова, го кажуваат меѓународни институции. Тука беа и прочитани и читани и кажани и се, имавме после тоа конференции за пелат, имаме веќе најава на 8 ноември во постојаниот комитет и морам да ви кажам веќе имаме информација затоа што некои од тие и ги сретнав пред неколку

дена, извештајот ќе биде многу негативен, лош ќе биде. Знам дека тоа што ние очекуваме како ПДП нема да се случи да се повторуваат изборите. Меѓутоа извештајот ќе биде многу лош. Навистина жалам и сум загрижен зошто ни се случуваат вакви ситуации после 10 години каде што сите, ама некој малку повеќе инвестиравме да градиме, да можеме да градиме институции демократски, дури не криеме, некои имавме и политички амбиции да градиме и политичка кариера, но денеска да имам една моја сатисфакција дека демократијата ни оди се подобро основите на демократијата се поставени, требаше само да се надградуваат, сето тоа без разлика кој ќе биде на власт од овие главни политички партии. Им се придружував дури и на тие мои колеги што и на оваа говорница и низ разни изјави нивни, размислувања, коментари, велат дека ајде нека седнат лидерите на големите партии, нека разговараат, да не одиме рикверц во ова време кога сме доста и интересна држава сепак. Ако веќе се одржува еден самит во Скопје каде што би требало да се направи нешто повеќе за разбирање меѓу државите кои не опкружуваат, меѓутоа, јас морам понекогаш и на таков чин добар кога се одржува самит во Скопје и кога стануваме земја каде што можат да доаѓаат и претседатели на држави кои се и поголеми по број од нас, но кога ќе се присетам дека само пет километри од Александар Палас се случи убиство на човек на самото изборно место, тогаш веќе пак се повлекувам и пак си размислувам како да се заборави ова, или како да се направи нешто повеќе сиот наш потенцијал политички, интелектуален да се стави во тоа што значи надградба на демократијата, на луѓето да им биде подобро. Затоа што доаѓајќи на работа еден ден, овие денови гледам секој ден маршираат работниците од ФАС "11 Октомври" и еден ме виде дека доаѓам со кола и ми дофрли ама симпатично: "ајде малку работете, ајде малку мислете и за нас". И мораме да размислиме малку дека некои работи кои можат да се постават добро институционално, добро законски, добро партиски, да ги оставиме и над нив да се надградува тоа што е демократија тоа што е европски интеграции. Дајте граѓанинот да биде во тоа што значи и фокус на нашиот интерес, да ги дисциплинираме тие институции и тие луѓе кои се на чело на тие институции, затоа што ние тука одлучуваме, ние тука во ова наше Собрание. Да не им дозволиме тие да прават нивни ќефови, нивни аршини за однесување. Мислам дека тоа ни е и обврска, тоа ни е и позив наш, затоа што ако и понатаму допуштаме да ни се случуваат такви работи, тогаш и овој пат требаше да има тука пратеници со наведнати глави, а во иднина може да ни се случи дека мнозинството на пратениците тука ќе бидат со наведнати глави за тоа сето тоа што ни се случи на овие таканаречени локални избори. Мислам дека и некои заклучоци кои се спремаат веројатно ќе бидат прифатени. Нема да се лутиме еден на друг ако направиме нешто повеќе за да се извлечеме од вакви ситуации кои добиваат понекогаш и добиваа и трагичен епилог. Има сили, има луѓе кои не поддржуваат, верувајте дека сретнуваме, одиме секаде по Европа и имаме многу пријатели кои ни го сакаат доброто, сакаат да помогнат за да можеме да го фатиме чекорот кон тоа што значи европска интеграција. Сега се создаваат подобри услови дури и во нашето опкружување, значи и регионално и како дел од југоисточна Европа имаме шанси, меѓутоа мораме да заклучиме дека ова што ни се случи на 10, 24 итн., беше најлошото што можеше да и се случи на една држава, затоа што сепак цена и оценка за една држава колку е демократска и колку направи во демократијата, сепак се изборите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, дозволете од моја страна пред да почнам со моето излагање да побарам од господинот потпретседател Стојановски ако има некоја можност додека јас зборувам од мој аспект за овие состојби што се на дневен ред да има друг претседавач, бидејќи него исто како господинот Краљевски ги осеќам одговорни за некои случувања, поготово што се случувањата пред мојот дом како организатори. Ако тоа не е можно, сепак ќе продолжам, макар што не е пријатно да дел од луѓето што се организатори на линчот врз мојот дом да бидат и пред мене и зад мене.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ристовски имате право на збор, а немате право да менувате содржина.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Ќе зборувам, макар што вие сакате да не зборуваме, тоа беше и целта некои теми што требаше да се постават пред овој аудиториум, пред Собраниево веќе два ипол месеци со смислени дејности од страна на Партијата ВМРО-ДПМНЕ бевме попречувани прво со воопшто не ставање на оваа точка на дневен ред за која ние тврдевме и тогаш и сега дека последиците што ќе настанат со

премолчување на една ситуација во државата кога 6 пратеника заради искажаното политичко мислење беа линчувани од партијата на власт само ќе ескалираат и ескалираа во подоцнежните случувања. Така што денеска како резултат на еден изборен процес, кој не требаше да биде ништо друго туку проверка на партиите пред членството, пред народот, мислам да си го проверат рејтингот, ние добивме една војна во која што имавме тројца мртви, повредени, а да не зборувам за повреда на суетата, на моралот.

Прво, пред да почнам јас би се вратил на дискусиите што беа во Собранието минатите две недели. Правата дискусија тече од оваа недела веќе три дена, бидејќи првата недела смислено од позицијата се пријавија сите можни и неможни дискутанти, оние кои нормално дискутираат и оние кои нормално молчат со цел да се блокира расправата во Собранието. И откако се изредија некои со инспиративни говори по 2 часа, 40 минути час, тие побараа веќе досадиле на народот да се прекине расправата. Само должејќи на истрајноста на опозицијата и благодарејќи на тоа што во меѓувреме настана и други промени, и други непријатни случувања во државата, ние имаме сега можност да го кажеме она што требаше одамна да го кажеме. Незнам каква е моралната димензија на некои дискутанти тука, мислам на Петровски Филип на Бајрам Амди, мислам на госпоѓата Ѓулистана, кои откако ни го одземаа вниманието со дискусии за се она освен за она што беше на дневниот ред побараа оваа точка да се симне од дневниот ред. Да ве потсетам господинот Амди Бајрам еден ден имаше дискусија 40 минути, а утредента го сретнале луѓето во чаршија и му кажале дека не треба веќе да се дискутира. Нели, ако мислевте оваа дискусија да не оди во бескрај, требаше уште веднаш да се откажете од дискусија, а не откако ги потрошивте сите аргументи и сите говорници. Но, добро е и што настана така, госпоѓо Ѓулистана имате тука, не се наоѓате незнам на кое друго место, ќе ви дадат после реплика и може да ми реплицирате јас сакам да ми реплицирате.

Но толку за оваа тема. Сега јас би малку зборувал за правата тема што изгледа полно ја промашија тука, а тоа се темата случувањата околу изборите во кои што ние знаеме дека имаме три информации, една е Информација од партијата Вистинска Македонска Реформска Опција, која мислам според историографијата требаше и прва да се најде, потоа на ПДП и Информацијата од СДСМ, иако сите тие заедно може да се вклопат во нешто што се вели изборен процес кој личеше на се, само не на изборен процес.

Да се потсетиме што е изборен процес. Некој велат тоа е контрола на власт. Преку изборите народот со своето гласање, кое треба да се слободно кое е искажување на волјата, покажува дали е задоволен или незадоволен од она што го прави актуелната власт. Од тоа тука нема бегање. Иако ние сите велиме и зборуваме за демократијата, на сите се полни устата со тоа треба да знаеме дека демократијата е владеење во корист на народот. Колкаво ниво има во една држава тоа е мислам соодветно може да се примени на примерот на Република Македонија, се гледа какви таа власт ќе направи избори. Изборите се состојби од кои што се гледа демократскиот потенцијал на власта. Ако имаме избори какви што ги имавме ние за кои целата меѓународна јавност го кажа она од кое што нема бегање, мислам дел од дискусијата ја потроши госпоѓата Шеќеринска, која даде некои цитати од Извештајот на ОБСЕ, кој на сите нас ни е мислам бил при раце,; кој недвојбено зборува дека ова се најлошите избори во плурализмот одржани во Република Македонија. Тоа не го кажавме ние, тоа го кажаа релевантните фактори кои досега сите ги цитиравме кога ни одеа во полза. Незнам зошто да бегаме од тие изјави, дали и нив ќе ги прогласиме за ненадлежни, како што сега министерот за финансии вели дека нас не ни треба Меѓународниот монетарен фонд откако тој кажа што кажа, дали сега ако другите институции во Европа го кажат она што сите веќе во кулоарите го знаеме, дали ние ќе кажеме дека нас не ни треба Европа, дека нас не ни требаат визи, дека нас не ни треба економија, дека не ни требаат кредити откако ќе го чуеме она што не сакаме да го чуеме. Тука нема мислам што да кажеме, страшно е што изборите какви што беа ќе дадат лоши реперкусии за реномето на Република Македонија во меѓународните организации. Јас лично се плашам тие оценки да не го успорат природниот тек на Република Македонија во структурите на НАТО и во европските интеграции.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:** (Продолжение)

Но, мораме да знаеме за да влезеш во Европа, прво, треба да си европјанин. Со балкански менталитет, кој повеќе оди накај афрички според некои манифестации, не се влегува во Европа. Во Европа се влегува со висок стандард, со усвоени некои мерила за

демократија, во Европа се влегува многу поинаку од она што ние сме сега ние. И, за да влеземе таму, треба ова Собрание да појде на патот во борба против корупцијата, криминалот, во се она што нас не спречува да влеземе во Европа. Тоа не е опозицијата. Нормално е што некој не сака да ја прикаже вината кај себе, да ја бара кај другите. Со тоа не се оди напред. Во секоја држава власта е одговорна власт. Ако некој има бенефиции, кои се енормно големи во однос на обичните граѓани тој не може да бега во однос на одговорноста. Со големи привилегии одат и големи одговорности. Тоа треба власта да го научи, дефинитивно. И, нема поделба на одговорноста со опозицијата. Опозицијата е тука да ги лови грешките на позицијата, да укажува за корумпираноста на структурите на власта. Инаку, како инаку опозицијата би дошла на власт? Со аплаудирање на грешките или со премолчување на криминалот, што е евидентен тука, бидејќи сите меѓународни оценки укажуваат дека Македонија во последниве две години заплива во некои води, што досега не беше.

На едно советување, мислам беше во Грција, една меѓународна организација која води сметка за степенот на корумпираноста на државите и спрема тоа ги известува соодветните стопанственици, дали да вложуваат или да не вложуваат во определена држава, Република Македонија ја има ставено на највисоките места. Би сакал да бевме на такви места по други мерила, не по овие, корумпираноста, непотизмот и се она што не приличи на една современа европска држава.

Гледам, дека никој тука воопшто не се обрна на она што се избори и какви треба да бидат. Имавме едно препукување за тоа кој повеќе бил виновен. Ако не сакаш да зборуваш за аргументите, подобро бегај во историјата, како било во 1994 ,1996, 1990 година и имавме тука некои согледувања, дури што одеа и во минатиот век. А, оваа точка, не е ништо друго, туку едно потсетување на сегашниве локални избори. Велат дека ако не сакаш да побегнеш по темата и од аргументите кои се видливи, тогаш менувај ја темата. На што личеа оние одбрани на позицијата, да, ние крадевме, ама ние крадеме само две години, а некој крадел 4 години. Дали со тоа се двапати подобри или треба да им дадеме уште две години, да докрадат што им требало.

Никој не се обрна на состојбата на семејствата на тројца кои се веќе починати. Јас мислам дека еден родител, грото тука сме родители, прво, со тоа требаше да почне, да побараме од претставниците на власта на кои е евидентно ова најважно прашање во државата, а тоа се изборите, нема поважно прашање, не им е битно. Бидејќи Владата покажа дека нејзе воопшто не и е битен Парламентот, таа веќе не го ни смета за битен сегмент во власта, затоа што тој не е контрола на власта Да беа тие зависеле од Парламентот, барем еден до министрите тука ќе се појавеше, мислам не мора сите, но барем еден ќе се појавеше, да сослуша тоа што оние кои гласаа за таа влада, имаа да кажат по овие прашања. Евидентно, нив повеќе ништо не ги интересира, бидејќи Парламентот е доведен на ниво на дебатен клуб, што и да каже Парламентот, зашто тука имаме зелена бригада и таа ќе изгласа она;што ќе даде Владата, без разлика дали тоа држи од објективност или не.

Би се осврнал на состојбите, кои беа поврзани со точката на ПДП. Имам една бела книга, каде што експлицитно се кажани некои дејствија и имиња на луѓе. Мислам дека требаше да се произнесе досега Министерството за внатрешни работи, ако сеуште не учествува во изборниот процес, што по тие луѓе. Дали некој од нив е затворен, дали имаме вина, дали нешто се прави. Бидејќи, ако имате еден изборен процес и ако во тој изборен процес на некој што направил грешка и тој не се казни, секое следно случување, ќе имаме негативна спирала. Потоа, тој ќе удри, ќе отепа. Сега, имаме тројца мртви, а гледам дека некои од опозицијата, млади колеги, се фалат дека ако не останат на власт идните избори, ќе има 100. Незнам дали тој планира да прави избори или граѓанска војна во Македонија, сите веќе во изборите, наместо со бројот на освоени гласови, се фалиме кој колку убил. Велиме дека вината треба да се подели. Би го цитирал господинот Шаќири. Тој кажа "одговорноста е на сите партии, учесници во изборите". Се прашувам дали ако нема избори, што некој можеби сака да нема избори, ќе нема убиства и ќе нема одговорни. Дали е тоа целта на власта да се репродуцира самата себе до бескрај, без да има реални некои случувања кои таа власт ќе ја подигнат во очите на народот сам ќе гласа за нејзе. Со самото тоа што некој учествувал во изборниот процес, е одговорен. На крајот, и мртвите ќе бидат одговорни, ако успееме да ги доведеме пред судницата, бидејќи тие биле провокатори на оние што пукале.

Едно е факт, мртвите, повредените се на една страна. Јас би прифатил дека има одговорност од сите страни, доколку и во

редовите на позицијата имаше некој повреден, недај Боже некој мртов. Гледам дека мртви се само жртвите и провокаторите, кои со своето присуство на изборите ги измачија рекетарите на власта да пукаат во нив.

За нашата точка во однос на случувањата што се случија пред нашите домови, мислам после говорот на неколку колеги од ДПМНЕ, веќе е беспредметно да се зборува. Тие признаа дека ги организирале. Го цитирам Флоровски, добиле инструкции, потоа кажа и се закани на моите колеги до Штип, вели да беше жив Пане Велев што? Ќе беа мртви? Така? И, сега тој пошто не е жив, не сме ја добиле правата казна, туку се задржавте на линчување на нејаки деца и жени.

Пранговски од ДА кажа дека се тоа нормални ризици со бавење политика. Значи, дека и ако отидеш на избори, можеш да очекуваш да бидеш мртов и тоа е нормален ризик.

Господин Трајков, со него морам да реплицирам, бидејќи мислам дека за него сеуште има шанса изјави дека во Виница немало неправилности, па според тоа, немало никаде. Лесно е да ја закопате главата во песок, ама други делови од телото се надвор на површината. Вие ова, мислам како човек, не требаше да го изјавите.

Одиме понатаму, имаше дискусии што морам да кажам беа конструктивни. Господинот Карангелески како координатор на една партија во власта призна, повторувам призна дека изборите беа фалсификат. Кажа дека демократски избори немаше. Дури, отиде малку и во историја и изборот на актуелниот претседател го претстави како фалсификат. Ако еден висок член од партија на позиција тоа го каже, а го кажа, бидејќи човекот е интелектуалец и зборува според она што го гледа, а не според она што му е наредено, тогаш за овие избори можеби и не треба да се зборува дали беа или не беа избори.

Дозволете малку, бидејќи другите зборуваа за другите аспекти на изборниот процес, се искажаа многу гнасни работи, кој што направил, кои беа се само не она што требаше да биде. Да позборувам за една тема која лично нас најповеќе не засега. Тоа се случувањата, кои беа пред нашите домови. Таа тема, очигледно, најмногу ја боли власта, бидејќи два ипол месеци бега од нејзе. Бега од фактот на признанието на пратениците од позицијата, дека она што го направија, го направија смислено. Тоа беше класичен линч, политички терор и потсетија на почетокот на фашистичките движења од триесеттите години од овој век. Тука нема бегање, бидејќи докази за тоа постојат, дури и дел од вас ги признаа тука на говорницата. Затоа, можеби и лидерот забрани веќе да зборувате, бидејќи ќе имавме уште луѓе како Флоровски, господинот Наумовски што ќе каже уште некои факти, што требаше нормално да ги замолчите.

Во мојот случај, јас ќе зборувам за две случувања, бидејќи јас бев во домот на господинот Тодоров, кога една спонтана група од граѓани дојде пред неговиот дом и чекаа. Чекаа да дојде диригентот. Потоа, човекот дојде и почнаа да маваат со грамади на камења, од кои секој беше над 1 килограм, а имаше и помали, со кои што, не да ја уништија куќата, тоа секој може да го види, на господинот Тодоров, кој ја има правено за себе и за својата фамилија, туку тие фрчеа околу нас и секој погоден камен, можеше да значи смртен случај. Што е тоа ако не е обид на линч. Господинот Тодоров, кој сите тука правевте шпекулации со него дека, прво, убил, па се обидел да убие и така нешто, во одбрана на својот дом застана, бидејќи внатре имаше ќерка, жена, дете, а пред себе имаше пијана руља, немам друг израз за тие луѓе, да го заштити своето семејство до линчување и пукаше во воздух. Дојдоа органите на внатрешни работи, дојдоа и не заробија нас двајцата во куќата. Јас ја покажував мојата пратеничка легитимација и барав од тој господин, мислам го има во извештајот, кој е по службена должност инспектор, да не пушти да одиме на конвенција. Внимавајте, му покажав пратеничка легитимација, кој тој ја фрли. Да ве потсетам дека сите ја имате во џебовите, пратеникот не може да се затвори ако не бил фатен во дело, за кое во моментот на вршење, имаме казна над пет години затвор. Тоа не важи за нашите инспектори. И, ако еден пратеник е ставен во таква ситуација да е заробен, тогаш јас бев заробен.  Незнам зошто? И, држан до 11 часот, се додека не помине конвенцијата на партијата Вистинска Македонска Реформа Опција. Незнам што треба да мисли еден обичен граѓанин, кој нема ни легитимација, не е пратеник, со тоа не сакам да го намалам неговото значење, сите сме граѓани, но што тој може да се надева од оваа власт, ако таа шпекулира со пратеници.

Второ, многу гадни беа оние конструкции за повредените. Каде се, би ве прашале. Бидејќи, гледате, јас можеби друго незнам во животот, но 15 години работам во медицината, 7 години како хирург и знам што е прострелна рана. Последната

операција ја имав во среда, каде што на еден само повреден во Куманово од 7,62, вие знаете дека тоа е помал калибар од оној што беше за господинот Тодоров, па јас морав да му направам ампутација на дел од екстремитетот. Каде се повредените.

Да ве потсетам дека ние ги чуваме сите извештаи официјални од МВР. Првиот беше дека имаме фрактура. Ви гарантирам дека ако калибар 9 мм. удри во коска, таа коска оди во парампарче, таа коска многу ретко хирург може да ја закрпи. Да не зборувам дека тоа се гадни рани со гноење, кои траат долго. Повредените што беа добро платени да глумат, веќе набргу потоа учествуваа во една тепачка. Дали некој веќе даде да ги види една независна група од лекари, која не е ни од власта, ни од нас, но нека бидат респектабилни, да се види, бидејќи гледате, ова е еден грозоморен случај на еден пратеник да му се конструира случај обид за убиство. Така ли сакате да не дисциплинирате и да ни кажете како да мислиме. Каде се и јас мислам не е културно да се зборува за луѓето што не се тука, но тие воопшто не се тука. Мислев дека госпоѓицата Доста ќе најде време или барем нејзиниот заменик да реплицира по овие ставови. Што значи ако на еден пратеник му се конструира случај убиство. А, тој, еве, ви гарантира не. Што обичниот граѓанин ќе помисли во оваа држава и каква е таа власт. Видете, вие, Орвел, можеби не сте го читале, но го проминавте дека оваа тема и ден денеска е битна и уште по својата јачина удири врз сите вас, затоа што сфатете вие ја поддржувате оваа страна, е и фактот што и ден денеска нашите фамилии трпат невиден терор и репресија од власта. Да не спомнувам поединечно, бидејќи сите случаи по весниците од дневната штампа и сите, беа кажани. Нашите фамилии по фашистичкиот принцип, ќе ви го читам а тоа е принцип вина според поврзаност. Тоа е во зборникот на СС - трупите. Секој оној кој е прогласен виновен од фирерот и секој оној што е во негова близина мајка, брат, сестра, пријател, ако не се откаже од него и ако не фрли камен врз него, е виновен и мора да ја сноси вината, затоа што се дрзнал со овие луѓе да зборува, да создава фамилија, да се ородува.

Многу смешни, барем за мене беа, некои потези што ги вршеше власта во првите денови по нашето поминување во Партијата Вистинска Македонска Реформа Опција. На 25 јуни беа случувањата, на 28 Владата заседава и Ненад Ристовски го исфрла, мислам дека имате доказ во Службениот весник, го исфрла од Управниот одбор на Музејот во Куманово. Видете, во Музејот во Куманово ние за две години имаме еден состанок и да ве потсетам, во Музејот во Куманово работата се врши волонтерски. Таму нема пари. Што сакаше со тоа да каже?

Потоа, дојдоа ударите врз нашите фамилии. Жените на моите колеги се исфрлани од работа, иако 15 години некој работат на тие работни места и мислам дека ДПМНЕ немаше морална тежина тоа да го направи, бидејќи тие работни места таа не им ги даде. Така, сега имаме растурени фамилии, од кои што мажот и жената се 200 километри оддалечени во држава, која е целата можеби 200 километри. Бидејќи, јас, сепак мислам дека работите треба да ги вршат институциите на системот, ја повикувам Лекарската комора на чело со господинот Дума, да ги повика инволвираните мои колеги лекари и медицинскиот персонал и таму во некои одредби на Лекарската комора постои нешто што се вика Суд на честа и тие лекари, кои влегоа во оваа конструкција, да не го срамат нашето занимање, кое, сепак, верувајте, има луѓе таму што работат и чесно го работат својот занает. Нив, уште можеби да ги повикам и да се надевам дека ќе го направат она што треба да го направат, бидејќи за господава на другата страна, кои не се тука, дефинитивно веќе нема враќање назад, после оние конструкции што ги направија.

Одиме сега нешто на тоа што се вика морална димензија. Бидејќи од некои луѓе тука од недостиг на аргументи према нас фрлаа со некои атрибути на моралот. Госпоѓа Ѓулистана Марковска, лекција за верност на принципи, чесност, вера. Јас мислам дека безобразно беше и самото појавување на говорница од вас да се зборува по овие теми. Од друг можеби ќе го слушав, вас не. Бидејќи да зборуваш за некои теми, прво, треба да ги имаш инволвирани сам во себе, да си се докажал во животот по тие прашања, па дури потоа можеме да зборуваме со оној што тие тези ги дава.

Господинот Крале Спанчевски, не го гледам тука, но знам дека е некаде тука, па затоа можам да реплицирам со него кажа, промена на партија е исто што и промена на верата за него. Господа, никој од овие 6 луѓе не промени вера. Ние сме сеуште она што сме и што беа нашите татковци. И, едно да ве прашам, кој тоа му дава право партијата да изедначува со религија. Знаете, промена на вера и партија е исто. Да ве потсетам на врв на секој религиозен, така

да кажеме пирамида, постои бог. Дали вашата партија има бог? Па, затоа тоа е исто. Некои можеби, и мисли дека е бог, бидејќи качувајќи се на Скопскиот Олимп, т.е. Кале, многу мали беа луѓето долу. И, можеби, онаа димензија, работа со луѓето, контакти со луѓето, слушање на луѓето и нивните проблеми веќе одамна ја немаат, така што мислеле дека се подалеку од нас и дека не се луѓе како што сме ние. Јас ви велам, промена на партија, не е што и промена на вера. Ние не променивме ништо и ние не се откажавме од ништо. Ние и до ден денеска стоиме на програмата, за која што и го добивме мандатот.

Вие прочитајте си ја програмата, бидејќи не верувам дека во последно време некој ја има прочитано, со која го добивме мандатот и ќе видите кој кого предаде. Ние единствено сме и верни на Македонија и ќе останеме. Вие ја предадовте, прочитајте ја програмата уште еднаш пред да правиме сувопарни дискусии. Заедно со претседателот Борис Стојменов ние ја земавме и програмата. Таму ќе видите што се предадовте од она што кажавме. Ве прашувам, јас сум обичен човек и влегов во партија, поради тоа што таа имаше таква програма, во која што пишуваше такви и такви работи ќе правиме за Македонскиот народ. Дека ќе се бориме против корупцијата, против непотизмот и да не зборувам за други убави работи, да ве потсетам за бројките на првата година, за втората, за третата година, првите 100 дена. И, ве прашувам кој е предавник? Јас велам вие сте предавници.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:** (Продолжение)

Лично јас, уште на почетокот, барем вие знаете го кажав моето. Среќа е што дадов некои интервјуа по весниците уште година дена наназад каде што за овие состојби што се во ДПМНЕ јас тогаш кажав и нема да ми припишете ова што се случи е некое моментално отстранување или настранување. Се би било во ред да еден човек има една политичка линија и во еден момент појде по друга. Јас моето веќе година и по со вас и во овие редови го кажав.

Друг е овде проблемот што овде немаат храброст и своите ставови и забелешки ги кажуваат по кулоарите и пијат апчиња да се смират. А никој од нив, грото од нив, немаат право до "богот", да ги кажат, бидејќи него не го интересира што се случува тука. Да ги интересираше што се случува во Собранието некој од нив ќе беше тука. Тоа морам да го кажам.

Одиме со случувањата во Куманово. Во Куманово главен организатор беше, тоа ќе покаже истрагата, господинот Далаверски. Да не ве буни разликата во името, тоа е син на господинот Томе Стојановски, актуелен претседавач на оваа сесија. На луѓето им се беше заканувано, беа уценувани да дојдат пред мојата куќа, бидејќи ќе загубат работно место, бидејќи - ако не ги видам пред неговата куќа нема што да прават во оваа држава, да се селат. Бидејќи тој немаше храброст самиот, како маж да дојде пред мојата куќа и да искуси борба маж со маж, туку со овие платени кучиња, немам друг израз, мада, да беше човек тоа немаше да го направи што го направи. Ги прати и ги плати.

Евидентно е, сега да кажеме и кои беа тие луѓе, бидејќи мора да ви кажеме вас не ве сакаат никој во Куманово. Луѓето на време ни кажаа дека ќе дојдат, така што имавме време со камера да снимиме како луѓето се собираат пред Штабот на "III Македонска" и потоа послушно, како мали дечиња со рачиња одат пред мојата куќа. Сите организатори, сите така. Вие собравте луѓе, *се,* само не оние кои гласале за мене. Да ве потсетам имаше луѓе од Влае. Влае е населба во Скопје. Инаку, оној кој ги доведе требаше да биде кандидатот на ДПМНЕ за Клечовце кој живее во Влае, го кандидиравте во Клечовце и со наредба од господинот Далаверски да собере што повеќе луѓе да дојдат пред мојата куќа. Тоа беа луѓе најповеќе од единицата на господин Краљевски, не гледам зошто ги пративме пред мојата куќа, луѓе од Банево Трло, Перо Бабаткае, главниот гласноговорник кој го држеше мегафонот, беа луѓе, па дури и кумчињата на господинот Краљевски беа тука и сите тие, а главните пет - шест пијани, собирани од кафеани, врз мене и врз мојот дом со камења, со пцости, со јајца, со се што можеа и што им бефте дали како реквизит, фрлаа врз мојата фамилија. Фрлаа, палеа свеќи. Замислете една мајка да гледа на живот некој на син му да му пали свеќа.

Господине Краљевски сакам да ми реплицирате на ова. Сакам да ми реплицирате и ставете се во таа улога.

Јас ви се јавив на вас, така? Побарав да се смират работите. Вие, не само што не го направивте тоа, туку на локалната телевизија во повикавте членството на достоинствен протест. Така? Што е тоа достоинствено во фрлање камења? Дури, толку бевте

безобразни што сето тоа го документирате на телевизијата. Гледајте, тие носеа телевизија пред мојот дом, со цел да ги казнат они кои не дошле, а да ги наградат оние кои беа најсилни во искажувањето на послушноста. Дури, тие слики ги дававте на локалната телевизија.

Така, да ги прекинеме сите нагодувања дали беше спонтано или не беше спонтано. Беше намерно. Сите знаеме дека беше намерно. Јас очекував некој да се извини, бидејќи знам дека тука, има луѓе кои не го одобруваат овој чин и поради нивниот морал мислев, поради нивната самопочит треба тоа да го направат. Место бесно да гледаат, да изигруваат Ждановисти и да оправдуваат некои чекори што никој жив не може да ги оправда, бидејќи се евидентни.

Има поднесено кривични пријави за состојбите во Куманово. Како партија и јас лично, поднесовме такви кривични пријави, и чудно е, ние им поднесуваме кривични пријави, вие ги наградувате и унапредувате во службата. Тоа е по малку чудно. Така што за една иста работа имаме двојни аршини. Ние, оние силувачи, луѓе кои продаваат дрога, луѓе кои по природа спаѓаат во онаа, социолошки кажано лупен пролетеријат, нормално се казнуваат. Вие ги наградувате. Колку имате луѓе директори, кои во минатото биле зад затворските решетки, но не за идеите на ВМРО, туку поради продавање дрога, силување ученички и, да не зборувам за новата листа што ја дадовте во Градското Собрание. Првиот, третиот Колку вкупно години имаат одлежано поради стопански криминал и поради овие дејствија што сега ги кажав?

Затоа ќе ви биде јасно зошто во Куманово катастрофално загуби партијата ДПМНЕ, зошто во тој град веќе не постои таа партија, мислам постојат луѓе на власт, постои се, постојат рекетари, постојат луѓе задолжени да го тепаат народот, уценуваат, рекетираат. Постои еден, освен ДДВ, државен закон во Куманово, популарно има ДРДВ-е закон, поради што треба одреден процент да се даде на определен господин. Тоа вие го направивте и затоа во Куманово, позицијата, не затоа што е јака, туку затоа што е нешто друго од вас, ми се чини 26:6 беше бројката, тоа е 4 до 5 спрема 1.

Индикативно е дека партијата на која што припаѓате со овие светли резултати уште не наоѓа за сходно да ве праша зошто така стоите меѓу народот? Дури и господинот Георгиевски, кој не е тука, до своето појавување за време на она што се вели спонтано, ќе повторам уште еднаш, спонтано манифестирање на желбата на граѓаните, ги оправда, ги повика да продолжат, бидејќи само така може да покажат дека се за Македонија, не најде за сходно да ја признае вината.

Гледате, ќе цитирам нешто од историјата, Ибит. "Лидерот никогаш не греши во своите акции, бидејќи се тие однапред планирани за неколку векови, крајната проверка на она што сега тој го прави е поместено надвор од поимењето на неговите современици". Затоа, ако незнаеш да кажеш дека си згрешил, подобро да молчиш и да кажеш дека времето ќе каже дека сме биле во право, а во тоа време сите ние, кои сме современици, нема да бидеме тука. Така што, не можеме да провериме дали кралот навистина грешел.

Не постои подобар начин да се измени дискусија од тоа расправата од тоа да се ослободи од контрола на сегашноста и да се рече дека само иднината може да ги открие нејзините вредности. Не би рекол.

Во протоколите на Сионските мудреци, паза, тоа е литература од 24 година на која што се хранеше Хитлер, од Теодор Фриц, мислам е насилникот, велат "толпата следбениците ќе ги поздрават насилничките дела со восхит". И, има една премиса, вели "можеби е подло, ама е многу мудро". Ова не е мое, ова е цитат, ќе ви го дадам, бидејќи има тука надежни студенти, можеби ќе сакаат да го прочитаат.

Тоа што ни се случи нам, не беше вперено против нас, бидејќи сите знаете дека одредени структури во партијава одамна од нас дигнаа раце. Но, тоа беше вперено кон тие кои уште стојат во овие редови и од време на време ќе кажат нешто дека ѕидов не е црн, не е ни црвен, дека има некоја друга боја и со тоа, едноставно, ќе одат против официјалната политика.

(Реакции од место). Добро е, (реакции од место).

Не, ќе има господине и вие можете да реплицирате.

Дојдете тука, ќе зборуваме.

Овие појави беа на почетокот на поставување на едни тоталитарни движења, на почетокот на овој век, каде што, ќе ви цитирам "дури со убивање на ниски социјалистички функционери или

влијателни членови на партиите од опозицијата, се успеа на населението да ги докажат опасностите сврзани со самото членување во таа партија". Вас ве исплаши еден факт дека со нашето одење од партијата ДПМНЕ, не од ВМРО, од ДПМНЕ, со нас и за нас на 40% од територијата на РМ, што се податоци што ги давам и се надевам кога ќе заврши со работа ДИК ќе има сите, се дрзнаа уште над 110.000 луѓе да гласаат за овие луѓе на 40% од територијата и со тоа и тие самите влегоа во она што вие го рековте предавници на Македонија.

Да ве потсетам, на овие избори имаше близу 13% гласачки ливчиња што беа од ДИК огласени како неважечки. Ние ќе ви ги дадеме податоците, може да ги добиете, бидејќи веќе се презентирани на конференциите за печат од страна на нашиот портпарол. Дека, во една општина, од 451 неважечко, 451 е на ВМРО. Во друго 9.000, наши се 7.500 итн. Така што, од оние вкупно успеавте да ги намалите сега, засега нешто над 50 и нешто. Но, тие се наши гласови, без разлика што беше користена и бугарската метода за поништување. Така?! Тоа е она што вас ве плаши дека во оваа партија доаѓаат луѓе, полека преминуваат луѓе кои се навистина за Македонија, а не само декларативно и кои, можеби, следните избори ќе бидат, а веќе се трета партија во смисла на двата блока, тоа можете сами да го проверите и тоа е она страшното. Затоа ние бевме толку тепани, затоа бевме и нападнати, а не за тоа што сме сами 6. Пресметајте колку електорат стои сега зад нас и ставете го она што стои зад вас. Вие знаете на 220.000 коалицијата ДА и ДПМНЕ има вкупно.

Тука, кога некои ги брани нападите врз нас, се кажа една теза "ние сме верни". Пак ќе ви кажам, изјавата "верноста е мојата чест", чија изјава е тоа? Тоа е една од 10-те заповеди на СС - единиците. Веќе не е чест да си чесен човек, да си работник. Не е чест да работиш, во оваа држава нешто да придонесуваш за да направиш нешто добро за себе, за својата фамилија и пошироката околина, туку единствена чест е верност кон лидерот, без разлика што прави лидерот, дали прави добро за државата, дали работи според програмата што единствено треба да биде Библија во една партија. Но, вие сте чесни, бидејќи сте верни. Може да се краде, може да се уништува држава, може да се промовираат во Македонија и анти македонски движења, но тоа е нормално. Битно е само да си верен на определена структура.

Денеска, за време на паузата што ја имаше Собранието за ручек се случи еден невиден скандал во хотелот "Холидеј ин", во салата "Милениум-2", што е пренесувано на ТВ, каде е повампирените слуги на веќе одамна заборавени фашистички движења на телото на Македонија одржаа промоција на движењето "Радко". Да ве потсетам, тоа е псевдоним на еден, се надевам на времето заборавен човек од историјата, господинот Ванчо Михајлов. Неговиот псевдоним за неговите соборци е Радко. Луѓето се дрзнаа да пратат покани на политичките партии во кои пишуваше дека ќе се борат за она што е вистина, да докажат дека Македонците не постојат на овие простори, дека се србо - комунистичка измама. Дури се дрзнаа таму да го тепаат Македонскиот народ, псуејќи "мајка ви ваша македонска, комунистичка", во центарот на Скопје.

Ова не е случајно, бидејќи во континуитет последниве години имаме преиспитување на историјата, преиспитување на луѓе од историјата, панихиди, спомен на луѓе кои се се само не Македонци на кои присуствуваат високи личности, дури министри од Партијата ДПМНЕ и оттука не може да се побегне. Бидејќи гледате, еден министер го пренесува ставот на својата партија. Нема право на личен став. Тој личен став може да го искаже во кафеана, може да го искаже во некои простории, но не во јавниот живот. Со тоа и партијата се поистоветува. Инаку, ако не се поистоветуваше, таа ќе ги тргнеше од своите редови.

Ќе ви прочитам дел од тестаментот............

(Бурни реакции во салата, со дофрлување).

Има. Има. Затоа ние излеговме од кај вас. (Реакции).

"Македонската нација и македонскиот јазик не постојат. Тие се измислица на српските фантазери кои го искористуваат како аргумент пред луѓето". (Реакции).

Знам дека ви е тешко. Јас вас ве слушав. Зборувавте се и сешто. Јас, на овие ......

(Бурни реакции со гласни дофрлувања од место).

Госпоѓо Ѓулистана, затоа ние излеговме ....................................................

(Реакции од пратеникот Ѓулистана Марковска на не спомнување на презимето, туку само на името).

Се извинувам, се извинувам, често менувате, не можам да дојдат до ред.

Има начин да реплицирате. Тоа е тука (покажува на говорницата), а не, на пример, да се препукувате.

(Бурни реакции од место).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За настаните што се ...............

(Бурни реакции со негодување од место).

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине потпретседателе, ве молам госпоѓава, дајте...................................

(Бурни реакции од страна на пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам за ред, немојте така. (Реакциите продолжуваат).

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Се смиривте ли?

После сето ова, бргу ќе приврвшам, имавме избори какви што имавме. (Дофрлање од место).

Ќе зборувам за тоа.

Јас ги кажав причините зошто ние излеговме и зошто вие не тепавте (дофрлања од место).

Знам дека не ве интересира (дофрлање од место). Добро.

Гледајте, добро е ова што го гледа македонската јавност и добро е кога зборуваме јас и вие господине Краљевски за она што јас го кажувам и она што вие ќе го реплицирате, се надевам тука, ќе даде краен суд кумановската јавност, бидејќи тие ве знаат вас, ме знаат и мене и само нашата јавност ќе знае да просуди кој она што ќе го каже има допир со вистината, а кое не.

Ќе се вратам на изборите. Оваа власт покажа дека не може, повторувам, не може да организира демократски избори. И, ако си дозволи повторно да организира, прашање е како ќе го мериме успехот на изборите: по бројот на мртвите или по бројот на гласовите?

Затоа треба оваа Влада да си оди и се надевам дека тоа ќе се случи. Не поради нас, дефинитивно, поради граѓаните на Македонија.

Би упатил еден апел до вработените во МВР, да сфатат дека тие, дефинитивно стануваат партиски војници, да се тргнат од политичките борци и да не учествуваат активно во нив, како некои личности кои се во врвот на самата организација. Инаку, треба да знаат, секој кој си ја врши својата работа, тој е одговорен за дејствијата. Не може утре да кажат дека не се одговорни, бидејќи некој друг им наредел да не дејствуваат. Тие се должни да дејствуваат според законите и се надевам дека сите заклучоци од предлог - заклучоците што нам ни се поделени ќе се најде некој и доказните постапки за случувањата пред нашите домови во институциите на системот да ги доведе до крај. Благодарам. (Поединечни аплаузи).

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ако веќе некој не напаѓа дајте ни шанса да реплицираме, иако сесрдно го браневте кога последниот пасус го извлече овде, како што се случи денеска во "Холидеј Ин", по повод формирањето на друштвото "Радко ". Псевдоним на еден од водачите на тогашно ВМРО, во тие консталации, во тие историски собития. Така да треба да разграничиме некои работи околу ВМРО-ДПМНЕ, со Македонски атрибут, со стремеж кон Македонката кауза и кон ништо друго.

Она што г-динот го презентираше веќе го имавме видено во 1990 година, со самото формирање на ВМРО-ДПМНЕ.

Првите вести што ги јави тогаш Радио Белград беа дека во Скопје се формира политичка партија под името ВМРО-ДПМНЕ, чии корени ги влече терористичкото ВМРО, претпоставувам на Ванчо Михајлов, со што апсолутно не се согласувам.

Припаѓам на оваа политичка партија, затоа што сум Македонец и верувам во оваа политичка кауза и на ова аполитичка партија која опстојува на овие простори, исклучиво како Македонска и ништо друго. Она што го дискутираше беа ставови и на СДСМ. Велам, некогашни ставови, денеска можеби ги изменивте, но тоа е ваш проблем, ваше видување. Апсолутно не се согласувам ниту јас г-дине Делчо, немојте да гестикулирате, оставете да кажам. Јас на сите ви зборувам и верувам дека мојот говор допира и до пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Сосема случајно ве гледам вас. Натаму секогаш се вртам. Таков ми е стилот. Немате право да реагирате. Околу она што како обвинување проструи овдека дека сте декларативно за Македонија, апсолутно најенергично го отфрлам. Не

сакам никој да се доведува под сомневање дека јас и пратениците и политичката партија ВМРО-ДПМНЕ е за некоја туѓа кауза, не македонска. Тоа многу пати сме го дискутирале со колегите од СДСМ, дека секакви туѓи каузи немаат тло. Она што било историско минато, ќе биде работа на МАНУ ма Македонските академици. Новите генерации верувајте, никој не може да ги убеди во некоја туѓа национална припадност, освен во својата Македонска, поаѓајќи лично од сопствениот син, кој е студент трета година. Возобновувањето на некои стари идеи воопшто не палат, воопшто не држат вода. Значи, не сме декларативно за Македонија, туку вистински сме за Македонската кауза и за опстој на оваа Македонска држава.

Второ, што морам да потенцирам г-дата да престанат да спалуваат со ДПМНЕ, ние сме ВМРО-ДПМНЕ и како таква партија сме регистрирани и ве молам во иднина, водете сметка, затоа што може да разговараме и за ВМРО-ВМРО и за ВМРО-ДПМНЕ како политички партии кои опстојуваат на овие простори и за нивните вистински вредности.

Околу псевдо - македонштината можеме да говориме. Има една сосема друга работа. Нели би било интересно да се слушне што значеше тајната, полу тајната, полу јавна посета на србскиот амбасадор Јаначковиќ во вашиот штаб, кој веќе има одредени квалификации кој требаше прв човек за безбедноста во Србија. Нели треба да проговориме и за тоа. Јас сум сите врховизми, и против бугарскиот и против грчкиот и против српскиот. Овде може само да опстојува само македонската кауза, затоа што оваа е само Македонска земја и ничија друга. И нормално на граѓаните кои живеат тука. Ако биле министрите на ВМРО-ДПМНЕ на тоа здружение таму, верувам дека ќе сносат законски санкции, можеби незаконски, но политички сигурно. Меѓутоа, ќе слушнеме на вести, јас не сум информиран, но најпрво ќе разговараме во партиските структури, па верувам дека можеби ќе имаме шанса да разговараме и овде, штом толку ве потресува ова прашање, ќе се најде некој ваш иницијатор да се покрене тоа прашање.

На крајот, она што сакам да го потенцирам, што е многу битно прво за мене како Македонец, порака до сите. Да се престане со етикетите, кои цело време ги отфрлате и јасно сакам да дадам до знаење до Македонската јавност, пред се до оние пратеници овде, кои се сомневаат во нашата македонштина да престанат да се сомневаат. Ние овдека сме дојдени исклучиво заради РМ и македонските интереси. Заради ништо друго. Престанете да калемите дека ВМРО-ДПМНЕ е про бугарска партија, или со бугарофилска ориентација. Таквите работи не палат веќе. Вашите напори некого да убедите дека тоа е така, воопшто не држи вода. Толку е стериотипно, толку е излитено, толку е небитно, што воопшто и не размислуваме за таквата работа. Во нашите Македонски чувства, ве молам, во иднина немојте да се сомневате. Размислувајте околу некои други струи, кои провејуваат во вашата политичка партија, за кој се надевам дека во овој преостанат период од две години, ќе имаме време да поразговараме и кои се структури се вмешани и инволвирани во вашиот извршен комитет или незнам што имате. Ќе поразговараме и со луѓето со три - четири пасоша и за луѓе што се поврзани со одредени странски структури. Јас сум спремен да разговараме околу тоа, а ги знам многу добро состојбите, затоа што луѓето ги познавам, луѓето кои вас ве водат.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-динот Флоровски има интересна карактерна особина, сака секогаш да биде последен, бидејќи мисли дека крајот делото го краси и со тоа е најпаметен. Ако некому му дадете реплика по истекување на правото за дискусија, со цел неговите дезинформации да бидат последни и да поклопат дел од дискусијата, вие мора да дадете збор и на тој што бил реплициран со таа реплика, да го каже своето.

Морам да ви реплицирам на вашето ниво на водење на седницата "Животинска фарма" е книга од г-динот Жорж Орвел. Гледам дека редовно не сте оделе на училиште, така да тоа не го знаете и не ви е извор за некоја навреда. Како прво, вие зборувавте за некои работи, што ако не се одговорат, ќе биде по народното молчење, значи и признавање на вината. Структурите на партијата ВМРО-ВМРО, како сериозна политичка партија, што вие мора да ја прифатите како таква и според гласачите и се тоа, имаат средби со сите амбасадори, со сите структури во Скопје.

Друга е работата, што Службата на ДБК имаат стан од спротива на нашето седиште и сите поранешни средби на партијата, со Австрискиот амбасадор, со мисиите на ОБСЕ, не ги регистрира, а едно ненајавено доаѓање од г-динот Јаначковиќ кое беше 23-то по ред од структурите, веднаш дотрчаа сите екипи на МТВ да го претставаат како некоја средба. Вие тука имплицирате шпиуни. Јас се откажувам од сите заштити во однос на имунитетот, да ги

докажете тие работи. Бегајне со давај напади не е одбрана. Вие ништо не одговоривте за полно тези.

Јас лично како Ненад Ристовски барам од вас, со се можно да го докажете тоа, дека меѓу нас бараме шпиуни. Кажете чии шпиуни сме. Бидејќи, на бугарска страна не пипаме, српските се знаат, тајванските се знаат, чија земја ние ја претставуваме. Веќе се се потроши и ако немате друг аргумент на делување, немојте да бидете толку ниски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Дали ќе може за две минути да реплицирам на г-динот Ристевски.

Сакам да го кажам следното: Не случајно по точка која нема апсолутно врска, пласиравте една информација, на која апсолутно не и е овде местото, при тоа барајќи поврзаност со формирањето со т.н. друштво "Радко", поврзаност на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ со чинителите кои беа на самиот состанок. Тоа произлегува од она што значи ваш политички став. Потсвесно кажавте една сосема друга работа. Не спомнавте ниеден друг амбасадор, почнавте со Јаначковиќ, што оди на нерви. Јас не го обвинив дека вие работите за странски служби. Јас попатно само го спомнав како пример, борејќи се против сите врховизми овде и против бугарски и против грчки и против српски. Сите тие што можат да ни наштетат на оваа Македонска држава и на оваа Македонска кауза. А јас барам докази, да барам шпиуни, јас не сум полицаец ниту служба која тоа го работи. Јас точно дека сум член на Комисијата за надзор и контрола на ДБК, но професионално не припаѓам таму, ниту имам некоја посебна желба тоа да го работам, а и никогаш тоа не би го работел. Така што, ако сакате нешто да аргументирате и во случај да се браните, бранете се со аргумент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да продолжуваме во понеделни во 11,00 часот.

(Седницата се прекина во 18,15 часот).